## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

**од Седумдесет и првата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 1 октомври 2007 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,40 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Љубиша Георгиевски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Ги молам пратениците да влезат во салата и да ги завземат своите места.

Ги молам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

Дами и господа пратеници, ја отворам 71-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Андреј Жерновски, Јован Манасиевски, Љубчо Георгиевски, Владимир Ѓорчев, Илинка Митрева, Лазар Китановски, Фијат Цаноски, Данаил Дончев, Благој Зашов, Али Ахмети, Фазли Велију, Абдулади Вејсели, Миле Пачемски и Радмила Шекеринска ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Ве молам да притиснеме едно од копчињата на системот за гласање за да го утврдиме бројот на присутните пратеници во салата.

Ги молам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

На седницата присуствуваат 65 пратеници.

Констатирам дека на седницата присуствува мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата се поканети претседателот на Република Македонија, претседателот и членовите на Владата на Република Македонија, претседателот на Судскиот буџетски совет.

Записниците од 43, 49, 59, 60, 61 и 66-тата седница на Собранието ви се доставени.

Дали некој има забелешка на записниците? Нема.

Констатирам дека записниците од 43-тата, 49-тата, 59-тата, 60-тата, 61-тата и 66-тата седница на Собранието се усвоени без забелешки.

За денешната седница го предлагам следниот дневен ред:

1. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за исплата на платите во Република Македонија, со Предлог на закон

2. Предлог за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2007 година.

Дали има некој предлог за измеување на предложениот дневен ред?

**Оливер Спасовски:** Благодарам.

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, при усвојувањето на овој дневен ред сакам да покренам едно прашање кое што е многу битно за општината од која што доаѓам, а тоа е општина Куманово. За тоа би побарал да се достави една информација од Владата на Република Македонија заради тоа што веќе последниов месец граѓаните на општина Куманово постојано се соочуваат со недостиг од вода со единствена цел имајќи постојано префрлување на одговорноста од еден на друг, а најмногу одговорноста е во делот на водостопанската организација која што е во ликвидација. Од моментот кога беше поставен новиот ликвидатор во општина Куманово постојано литрите на вода кои што се потребни кои што доаѓаа од Липковското езеро до Куманово се намали речиси за половина и постојано еден голем дел на градот е без вода и нивните домакинства се без вода. Заради тоа барам да се изготви информација и да се укаже на фактичката состојба во однос на водостопанската организација во Куманово, заради тоа што ако имаше Владата задача, или некој од парламентарното мнозинство да постави ликвидатор кој што безпоштедно ќе ги користи неговите партиски позиции за инсталирање на партиски кадри во водостопанство, никој не дава за право еден од најголемите градови во Република Македонија општина Куманово да го остави без вода. Навистина кумановци во 2001 година останаа на два пати без вода, еднаш 43 дена, еднаш 20-тина дена, меѓутоа во други услови. Денеска заради партиска пресметка, или од било какви причини кои што се исклучиво во дневно политички интерес, мислам дека не треба да дозволиме град од 110 илјади жители повторно да остане без вода за пиење, а истата ја има во моментот и домаќинствата можат да се снабдат со вода.

Заради тоа барам да се изготви една информација од Владата и да се достави до Собранието.

**Љубиша Георгиевски:** Ќе го земеме аднотам вашето барање.

Повелете господине Слободан Најдовски.

**Слободан Најдовски:** Господине претседателе ќе ми дозволите, имам една процедурална забелешка и укажување. А другата забелешка ни е во врска со дневниот ред, доколку дозволите да не излегувам два пати.

Можеби малку ќе биде и надвор од Деловникот и доколку оцените за потребно, слободно прекинете ме. Но, сметам дека е потребно да укажам на две работи.

Првата работа е, мислам ќе биде во името на сите пратеници. И двете работи се поврзани со настаните од претходната недела.

Првата работа е следнава. Барам од министерот Трајко Славески да се изјасни пред пратениците, дали неговата изјава во саботниот "Дневник" во врска со пратениците дека погрешни луѓе на погрешен начин претставуваат граѓани во нашиот

законодавен дом, се однесува на сите пратеници, или само на пратеници кои што учествуваа во инцидентот? Ова е процедуралната забелешка. Ќе ви кажам зошто? Ако се однесува на сите пратеници, сметам дека е крајно некоректно од министерот, бидејќи јас сум убеден дека од 120 пратеници овде, барем за 110 гарантирам дека се чесни луѓе, дека не се корумпирани луѓе во најмала рака помалку од министерот за финансии господинот Славески и гарантирам барем за 110 пратеници дека коректно се однесуваат и не ја злоупотребуваат својата функција. Не можам да прифатам претставник на Владата да изнесе такво мислење за госпоѓа Лалчевска, за Бонева.

**Љубиша Георгиевски:** Ве молам, кажавте што кажавте. Да не специфицираме сега.

**Слободан Најдовски:** Да прецизираме. Барам министерот Трајко Славески да каже овде пред сите дали ова се однесува за сите пратеници во македонскиот Парламент. Ако е така ги повикувам пратениците тогаш да го искажат истото мислење за министерот. Тоа е првото мислење.

Сега по дневниот ред. Се однесува конкретно на вас. Барам да ставите точка на дневен ред, информација која што ќе ја побарате од министерката за внатрешни работи во врска од обезбедувањето во Собранието деновиве се се свали, се се свртe кон обезбедувањето во Собранието. Но, со оглед на тоа што Собранието никогаш, барем во овој период раководството не се јавува да ја информира македонската јавност, ниту преку претседателот, ниту преку портпаролот. Барам вие да изготвите информација како претседател на Собранието за следниве три работи.

Прво, кој од пратениците влегува со телохранители во Собранието? Точно се знае, собраниското обезбедување води евиденција кој влегува со телохранители. Јас гледам, дали има двајца, тројца, па ќе се знаат точно, а не во јавноста дека сите пратеници влегуваат со телохранители.

Второ, во инфорамцијата со оглед на тоа што обезбедувањето не е во ваша надлежност, туку е во надлежност на Министерството за внатрешни работи, да побарате од министерката кој и зошто пред десетина месеци направи драстични измени во собраниското обезбедување со менување на лица во обезбедувањето кои што долги години овде знаеа успешно да си ја вршат својата работа.

Трето, претседателе, пред десетина месеци имаше еден инцидент кој што медиумите тогаш го забележаа, но сите преминаа така, кога обезбедувањето не дозволуваше телохранители да влезат во Клубот на пратеници. И тогаш повторно “обезбедувањето” излезе виновно. Барам и за тоа да прашате и да добиете одговор, кој и зошто тогаш им нареди на обезбедувањето, или им укажа на друг начин дека не смеат одредени телохранители да ги чепкаат.

Одговор на овие три прашања ќе мора господине претседателе вие да побарате од министерката за внатрешни работи за да се знае точно кој од пратениците влегува со телохранители, чии телохранители предизвикуваат овде проблеми, а не вината да ја префрлуваме на собраниското обезбедување. Некој кога го смени собраниското обезбедување и некој кој што им наредува како да постапуваат во одредени ситуации е одговорен, а не собраниското обезбедување. Се надевам дека оваа точка ќе ја ставите како трета точка и кога ќе ја добиете информацијата ќе ја известите и македонската јавност и нас пратениците.

**Љубиша Георгиевски:** Оваа точка ќе биде повеќе во доменот на анкетната комисија која е во формирање. Што се однесува до Собранието, ние изготвуваме една цела низа на мерки, на појачани мерки на заштита за кои во догледно време ќе подготвиме извештај и ќе ве известиме во рамките на она што ние можеме и технички, административно и во рамките на закони да го направиме. Но, тоа не е малку и се надевам дека тој извештај ќе фати место. Сето друго што излегува од рамките на нашите законски ингеренции ќе се прави како што ќе се прави. Во секој случај ние ќе имаме сериозни контакти, веќе имаме сериозни контакти со Министерството за внатрешни работи, веќе се во студија и размислувања и извесни нови мерки на заштита, би рекол и технолошки нови кои што се доста скапи. Во таа насока соработуваме и со можните буџетски поткрепи. Значи, работата е во процес и за тоа навремено ќе бидат известени со исцрпен извештај.

Предложениот дневен ред го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 67 пратеници, 66 гласале за, воздржани нема, еден против.

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

Сега, дозволете да ве известам дека на координацијата на која беа застапени сите пратенички групи, освен ЛДП, кои се во таква позиција, сите се скоро на службен пат и не можевме нивен претставник да обезбедиме, е постигната една согласност да се направи рокада на двете точки од дневниот ред. Значи, втората точка да стане прва, а првата да стане втора. Таа рокада е постигната на координација и јас не гледам потреба од тоа да гласаме повторно, затоа што сите се согласивме. Консензуално беше. Многу ми е важен ставот, доколку Либералдемократите немаат ништо против.

Ја ставам на гласање одлуката односно согласноста која ја постигнавме на координација, втората точка да стане прва, прва точка. Повелете господине Андов.

**Стојан Андов:** Благодарам.

Дали вие на координација кога го донесовте овој договор расчистивте што е прва, а што е втора точка по содржина. Знаете зошто, сега вие како

што сте одлучиле ние ке донесеме промени во Буџетот без законска основа, а потоа во втората точка што ќе ја расправаме ние ќе даваме дополнителна законска основа. Прво, треба да биде да се создаде законска обврска на Владата на која ги заснова предлозите во измените во Буџетот. Прво, мора да се донесе законот или го премостувате на некој начин. Ако имате начин ако сте го премостиле овој проблем, кажете. Јас мислам дека Владата не случајно го предложила овој редослед.

**Љубиша Георгиевски:** Ве разбирам.

Господинот министер побара процедурално.

Повелете господине минситер.

**Трајко Славески:** Благодарам.

Мислам дека нема никаков поблем, прво, да биде точката за измените и дополнувањата на Буџетот за 2007 година, затоа што со усвојувањето на тие измени и дополнувања ќе се алоцираат средства на начин различен каков што е во моментов. Тоа не создава никаква законска обврска, ниту пак произлегува од некоја законска обврска. Само да ве потсетам, во процедурата за донесување на Буџетот минатата година во декември, ние го донесовме Буџетот, а сите клучни закони, Законот за извршување на Буџетот, понатаму, законски проекти за воведување на рамниот данок, измените и дополните на Законот за Персонален данок од доход и Данок од добивка ги донесовме по усвојувањето на Буџетот. Значи, мислење е на Министерството за финансии дека нема никаква законска пречка прво да се разгледаат измените и дополнувањата на Буџетот за 2007 година. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам**.**

Мене ми изгледа сосема со резон овој модус.

Според тоа ве повикувам на гласање.

Рокадата договорена на координација ја гласаме.

Гласале 56 пратеници, за гласале 51, воздржано 3, против 2.

Констатирам дека промената на точките, рокадата е донесена.

Но, пред тоа ги молам службите да достават точен број на присутни пратеници за време на гласањето за да го прогласиме гласањето валидно или невалидно.

За време на гласањето беа присутни 66 пратеници, па според тоа, гласањето е валидно.

Продолжуваме по новиот распоред.

**Минуваме на точка 1. - Предлог за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2007 година.**

Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија, извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам општ претрес по Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2007 година.

Молам, кој бара збор?

Има збор господинот министер за финансии.

Повелете господине министре.

**Трајко Славески:** Благодарам господине претседателе.

Ако дозволите, јас би побарал дозвола од вас, пред да започнам со експозето да одговорам на едно од прашањата на господинот Најдовски, кое се однесуваше на мој личен став во врска со поставено прашање од редакцијата на Дневник.

**Љубиша Георгиевски:** Повелете, прво имате процедурално три минути, па потоа вашето објаснување.

**Трајко Славески:** Јас одговорив со писмо испратено по електронска пошта и редакцијата на Дневник во тој дел од одговорот, на тоа решение има направено неколку измени. Имено, додадена е една кратка објаснувачка реченица на почетокот, која што не стоеше во мојот одговор и два предлози се избришани односно две зборчиња, кои што гласат “некои”. Значи, тоа “некои”, редакцијата на Дневник го има избришано. Јас изразувам жалење, во никој случај, како и најголемиот број граѓани на Република Македонија, не мислам дека вината за постапките е генерализирана. Благодарам господине Најдовски.

Почитувани пратеници,

Измените и дополнувањата на Буџетот на Република Македонија за 2007 година, Владата ги предлага и овој пат како одраз на ефектите од заживувањето на економската активност, доследно спроведување на реформските политики, неселективното исполнување на законските обврски кон државата и успешно управување со јавните финансии.

Цврстата определба на Владата за трансформација на досегашната функција на државата, односно нејзино поставување во функција на развој на приватниот сектор ги дава очекуваните ефекти и се повеќе ја стимулира нејзината реформска определба насочена кон постигнување на крајните цели: високи стапки на економски раст како основа за започнување на зголемување на животниот стандард на граѓаните на Република Македонија.

Економскиоте резултати во Република Македонија во 2007 година, почитувани, се најдобри во досегашниот период на транзиција. Во првиот квартал бруто домашниот производ изнесуваше 7% во вториот квартал е нешто понизок, заради некои сезонски варијации, додека она што охрабрува е фактот дека се работи за диверзифициран пораст, кој се забележува во сите сектори во економијата. Растот беше најизразен кај индустриското производство на 11,6% во областа на транспортот и комуникациите за 11,1%, трговијата на големо и мало 13,6% и градежништвото 5,8%.

Важно е да се напомене дека позитивните економски движења се остварени во услови на ниска и стабилна инфлација и покрај неколкуте

ценовни шокови, заради порастот на цените на енергијата и на храната, феномен од регионални дури и од светски размери, Република Македонија, односно нејзината економија се покажа како отпорна и акомодираше на соодветен начин. Стапката на инфлација за првите 8 месеци е пониска од онаа што ја имавме проектирано. Стапката на инфлација изнесува 1,1% и е дури за 1,4 процентни поени пониска од очекуваната. Ваквото отстапување е резултат на намалувањето на цената на нафтата и нафтените деривати на почетокот од 2007 година, непроменетата цена на електричната енергија, намалување на цената на парното греење и слично.

Што се однесува до јавните финансии, во првите осум месеци се забележа стабилно и цврсто водење на фискалната политика, согласно договорениот аражман со Меѓународниот монетарен фонд. Од особена важност е што во овој период даночните приходи забележаа раст поголем за 10% од планираниот, при што приходите од данокот на добивка надминуваат 50% од планираното. Ваквото зголемување на даночните приходи се должи на повеќе фактори од кои најважни се: значително зголемениот економски раст на почетокот на годината, кој е придружен со намалување на даночните стапки, кај персоналниот данок од доход и данокот од добивка, т.е. воведувањето на рамниот данок. Понатаму, високиот раст на профитабилноста на претпријатијата во 2006 година кој изнесува 29,7%, како и решителната борба на Управата за јавни приходи и Царинската управа за подобра наплата на даночните приходи.

**Трајко Славески:** Позитивно е и тоа што се забележуваат охрабрувачки тенденции во областа на социјалната сфера кои се резултат на интензивираната економска активност. Со сите проблеми во мерењето на стапката на невработеност, за кои претпоставувам во блиска иднина со поширок консензус на сите релевантни политички субјекти во Република Македонија ќе треба на адекватен начин да ја мериме и прикажуваме невработеноста во земјата, но со сите тие огради се забележува пад на стапката на невработеност за 0,3 процентни поени мерено според анкетата на работна сила, која што е врз основа на дефиницијата на Меѓународната организација на трудот. Исто така, бројот на невработени лица регистрирани во Агенцијата за вработување на крајот од јули 2007 година во однос на крајот на 2006 година покажува намалување од 1,7%. Истовремено, во периодот јануари - јуни е остварен номинален раст на просечната плата во земјата од 5,1%, а реален раст од 4%, што секако влијае врз порастот на личната потрошувачка која е дел од бруто домашниот производ.

Почитувани, би сакал да потенцирам дека одличната реализација на даночните приходи која е потврда за успешното спроведување на реформите, односно намалувањето на даночните стапки создава простор за спроведување на новите политики на Владата со кои дополнително се намалува даночното оптоварување на стопанството и воедно се зајакнува материјалната состојба на граѓаните со зголемување на платите во јавната администрација.

Со овие измени и дополнувања фискалната политика и фискалната рамка остануваат непроменети. Ние цврсто се држиме на определбата оваа година буџетскиот дефицит да остане на нивото до 1% од бруто домашниот производ или е проектиран некаде на 3,5 милијарди денари.

Измените и дополните на Буџетот за 2007 година втори по ред оваа година, кои се пред вас почитувани пратеници, значат соодветно корегирање на проекциите на приходи и расходи и се темелат на следните претпоставки:

1. Одлична реализација кај сите видови даночни приходи;

2. Потребата од обезбедување на средства за исплата на зголемени плати за вработените во институциите што се финансираат од Буџетот на Република Македонија;

3. Обезбедување на средства за исплата на обврските од Договорот за продажба на ЕСМ Дистрибуција;

4. Обезбедување на средства како поддршка на финансиската консолидација на енергетскиот сектор;

5. Алокација на средства во вид на блок дотации до единиците на локална самоуправа кои преминаа во втората фаза од процесот на децентрализација и

6. Обезбедување средства за исплата штети од елементарни непогоди, според процедури утврдени со закон.

Покрај овие глобални позиции, има неколку што се исто така значајни но не се реалокации од обем како претходно наведените шест.

Со овие измени дополнувања со Буџетот на Република Македонија се предвидува до крајот на 2007 година да се реализираат расходи во износ од 119 милијарди и 614 милиони денари, кои ќе се финансираат од оценетите изворни приходи на ниво од 116 милијарди и 119 милиони денари.

Имено, кај даночните приходи извршена е нова проценка, имајќи предвид дека во изминатите 8 месеци е остварено натфрлање над планираната динамика за овој период од годината за повеќе од една милијарда денари. Согласно ова, предвидено е зголемување од околу 1,5 милијарди денари во кој износ е вклучен и ефектот од намалување на стапките на ДДВ кај одделни производи, по овој основ во последните три месеци од годината би се изгубиле околу 200 милиони денари. Да ве потсетам, станува збор за измените со кои Парламентот на Предлог на Владата ги префрли од повисоката стапка на ДДВ кон повластената лековите и медицинските

помагала, понатаму јавниот превоз односно транспортот, соларните колектори итн.

На расходната страна на Буџетот обезбедени се средства за исплата на плати на вработените кои се финансираат преку Буџетот, зголемени за 10% почнувајќи со септемвриската плата. Ефектот од ова покачување е оценет на ниво од околу 500 милиони денари и истиот не предизвикува фискално нарушување.

Истовремено, со овој ребаланс Владата обезбеди средства за исплата на обврските од Договорот за продажба на АД ЕСМ - Дистрибуција, согласно кој на АД ЕВН треба да му се вратат околу 22 милиони евра.

На расходната страна на Буџетот се предвидени значителни средства кои ќе бидат искористени за финансиска консолидација на енергетскиот сектор во Република Македонија.

Од 1 септември, најраниот законски утврден рок, стартува втората фаза од процесот на фискална децентрализација. За спроведување на втората фаза од децентрализацијата за 42 општини кои ги исполнија потребните критериуми се алоцирани средства во вид на блок дотации во рамки на кои покрај тековните трошоци за делегираните надлежност се инкорпорирани и средства за исплата на плати на вработените во овие дејности.

Другите буџетски алокации остануваат непроменети во однос на претходните измени и дополнувања на Буџетот, имајќи предвид дека реализацијата на истите е во рамките на планираната динамика и обезбедува редовно извршување на функциите на државата и реформските активности, како и навремено сервисирање на обврските во сицијалната сфера и обврските по основ на домашното и странското задолжување.

Финансирањето на планираниот буџетски дефицит и редовното сервисирање на обврските по основ на главнина на домашниот и надворешниот долг ќе се обезбеди воглавно од домашни извори, од планирани приливи од приватизации и од емисија на државните хартии од вредност.

Почитувани,

Се надевам дека ќе ги прифатите предложените измени и дополнувања на Буџетот на Република Македонија за 2007 година.

Ви благодарам на вниманието.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам господине министре.

Сега, да се договориме прво, кои се за збор, а кои се за реплики. Има и процедурално.

Повелете, господин Оливер Спасовски, има процедурално.

**Оливер Спасовски:** Благодарам почитуван претседателе.

Со оглед на тоа што во излагањето на министерот се искажаа причините во однос на кои што се нуди ребалансот пред Собранието, изнесени се доста податоци, барам во името на пратеничката група еден час пауза, за да го добиеме стенограмот и да продолжиме со работа. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Дали можеме, господине Спасовски, да се договориме нешто да попуштите од еден час. Сепак, излагањето не траеше повеќе од 15 минути.

**Оливер Спасовски:** Да го добиеме стенограмот, па после тоа за 20 минути да погледаме. Ако го направите за 10 минути, значи за 30 минути ќе можеме да почнеме.

**Љубиша Георгиевски:** Важи, значи 20 минути откако ќе ви се подели стенограмот. Зн ачи, паузата е така.

Ги молам службите да побрзаат околу стенограмот. Ќе водиме сметка тоа да биде 20 минути.

(Пауза од 12,30 часот)

Давам пауза за ручек и ги повикувам шефовите на пратеничките групи за пет минути да дојдат во Охридска сала.

(Пауза од 13,25 до 14,25 часот)

(По паузата седницата продолжи со работа во 14,39 часот)

**Бесим Догани:** Ги молам пратениците да влезат во салата.

Има збор пратеникот Игор Ивановски, повелете.

**Игор Ивановски:** Благодарам потпретседателе.

Некако не ни иде со тоа да почнуваме на време и она што е посакувано како динамика на ова Собрание го оствариме со самиот факт што сега во моментот во салата се присутни не повеќе од десетина пратеници, а владеачкото мнозинство седум дена потроши од времето на граѓаните и од парите да организира прес конференции на кои што најавуваше спектакуларно зголемување на платите, се контрадикторно во најмала рака, не можам да ги разберам, но и јас како министер за финансии ќе се придржам за неговата определба ребалансот на буџетот да го искористам како добра прилика и легитимна да поразговараме за тоа каква е економската состојба во Република Македонија во моментот, а и едноставно да поразговараме за тоа кои се одлуките, механизмите и начинот на водењето на економската политика од страна на Владата на Република Македонија.

Мислам дека и досега, а и понатаму сите експозеа на министерот за финансии, овој или некој друг ќе започнуваат со тоа Владата, или министрите за финансии ги образложуваат ваквите одлуки, како денешната за ребалансот на буџетот, а и некои други како резултат на ефектите на заживување на економската активност, доследно спроведување на реформските политики, неселективно исполнување на законските обврски итн, итн.

Ако е така, тогаш е сосема легитимно, без тоа, дури и да го направи министерот за финансии сам ние денеска да поразговараме за тоа каква е

економската политика која што ја води Владата на Република Македонија.

Јас лично мислам дека и овој пат Министерството за финансии како предлагач во име на Владата на Република Македонија задоцни со овој ребаланс на буџет, на истиот начин како што задоцни и со оној ребаланс на буџет кој што го расправавме на крајот на месец јули и благодарение на конструктивноста на опозицијата во тој временски период беа повлечени голем број амандмани од катастрофалниот ребаланс на буџет, а едвај беше прифатено барањето за него да разговараме релативно кусо. Но, иако и тој ребаланс на буџет содржеше една основна компонента, а тоа е прилагодување на институциите согласно втората фаза на децентрализацијата и во овој ребаланс на буџет една од главните причини за негово донесување е токму усогласување со започнатата втора фаза на децентрализацијата односно изготвување на блок дотациите према оние општини кои што согласно критериумите и одлуката на Министерството за финансии, јас би додал патарналистичка, бидејќи однапред беше така поставена ќе се префрлат овие блок дотации.

Денеска сме 1 октомври, септемвриската плата согласно моите информации на вработените во образованието и во другите служби во општините не е реализирана и со еден збор Министерството за финансии повторно ја пропушти шансата навреме да го достави овој ребаланс на буџет и едноставно можеме многу коректно и објективно да констатираме дека причината за доцнењето понатамошно на платите на овие вработени, а нивниот број е сериозно голем лежи дали во неажурноста, дали во калкуланството, дали во неспособноста во некои ситуации Министерството за финансии навреме да ги изготвува буџетите, конкретно и на овој.

И бидејќи веднаш на почетокот министерот за финансии не пропушти уште еднаш да спомене дека наводно во овие 17 години на македонска независност во првиот квартал на годината сме имале пораст на бруто домашниот производ од 7% сакам уште еднаш да повторам дека токму сега на резултатот од овој податок, ама за вториот квартал можеме да констатираме дека првиот податок кој што е резултат на едно алхемичарско и политички притисок на релација Влада - Државен завод за статистика е лага, многу концизно и кусо. Република Македонија во првиот квартал немаше пораст на бруто домашниот производ од 7%, или да бидам покоректен имаше на хартија, или да бидам поточен, имаше благодарение на политичкиот договор помеѓу Груевски, Ставрески, Славески од една страна на партискиот војник во континуитет Благица Новковска, каде што уште еднаш функционира онаа одлична коалиција во континуитет меѓу Љубчо Георгиевски и Никола Груевски и каде што благодарение на таа политичка коалиција и политичка желба некој се обиде, и напиша на хартија дека Македонија имала 7% пораст на бруто домашниот производ, дека тој е највисокиот раст досега. Притоа се потрошија неколку илјади евра тоа да се популаризира, да се направат рекламите, веројатно и тоа е дел од наводниот пораст на бруто домашниот производ за да конечно дојдеме во вториот квартал да имаме пак од истиот владин Завод за статистика, пак од истата коалиција, да имаме податок дека тоа сега во овој момент, во вториот квартал изнесува 4%.

Министерот за финансии бидејќи нема друг механизам се обиде некако да го релативизира со зборови, ама бројката е егзатен податок и 4%, дури со ваквата манипулација со бројките ја покажува реалната состојба и реалниот резултат на т.н. заживеана економска активност на Владата на Република Македонија.

Тоа покажува дека сега конкретно паѓаат во вода определбите на оваа Влада наместо реално да ги поставува параметрите и реално да поставува механизми за нивно подобрување води една борба за лажно поставување на посакуваните резултати. Да се разбереме, јас лично посакувам и поголема бројка, поголема стапка на пораст на бруто домашниот производ од 7%, но таа да е реална и таа да се чувствува, таа да има резултат. Но, ако го определиме методот кој што го спроведува Груевски, Ставрески и Славески, а тоа е ќе извадите една лажна бројка врз база на принципот весела математика, ќе ја фаворизирате 3-4 дена во јавноста, резултатите никој нема да ги почувствуа и ќе констатираме дека наводно заживеала економската активност. Тоа за жал не е точно.

Ако сакате потврда на таквите работи ќе може да ги видите податоците за индустриското производство за месеците мај, јуни и јули, каде што на пример во јули месец во однос на минатата година паѓа за -2,2%. Во јуни паѓа за цели 7,1% или -7,1% во однос на истиот период минатата година. Или ако сакате за мај паѓа за -5,8 во однос на мај минатата година. Или ако сакате да се фалите, она кое што го прикажувате како не знам колку успех, а ова може да се корегира со една козметичка статистика, во месец август имате пораст од 1% во однос на август минатата година.

Почитуван министре со вакви стапки на индустриско производство, со вакви штимани стапки на индустриско производство не може да остварите раст од 4%.

Исто како што се сомневавме и отворено ја искажавме дилемата дека Владата на Република Македонија увидувајќи ја својата неспособност да постави вистински економски мерки реши да оди во другата крајност и рече ајде ќе ги фризирам, ќе ги штелувам податоците и тоа ќе го најавам, тоа вие го најавивте господине министре од крајот на минатата година каде што рековте дека за методологијата на пресметка на индустриско производство сега ќе се применува нова методологија. И резултатот еве го, 7% првиот

квартал на хартија, сликање ваше со премиерот Груевски, резултатите никаде ги нема.

Мене ме зачудува, јас јавно ве прозвав зошто во овој в тор квартал за некои други податоци не се наредевте сите во Владата како што знаете и да ги искажете новите податоци. Зошто страв. Знаеме дека ја утнавте на почетокот работата, признавате дека ги манипулиравте податоците првиот квартал, вознемирени сте дека сега паѓаат сите податоци. Јас не очекував, искрено да кажам, да слушнам од министерот за финансии дека падот на индустриското производство и на општествениот производ во вториот квартал е резултат на сезонски влијанија.

Господине министер вие тоа го знаете подобро од 120 пратеници во оваа сала, кои што за жал ги нема. Најголеми сезонски флуктуации и најслаб квартал зараду сезонската ситуација е токму првиот, а не вториот. Не е ни третиот, четвртиот и првиот. Тоа многу добро го знаете. Знаете дека во првиот квартал заради зимата многу помалку се одвиваат работите во градежништвото, кои што ги имате сега многу повеќе и тоа се фалите, во вториот квартал знаете дека токму во вториот квартал е откупот на земјоделските производи и нивниот пласман, кој што го немате толкав обем во првиот квартал. Тоа покажува дека Владата самата себе се фати во една стапица на лагата, каде што во првиот квартал се обиде заради тогаш некоја ситуација која требаше да ја испегла, требаше да ја дефокусира, дали беа станови, ОКТА итн, со прикажување на наводно 7% раст. Дури и да е 7%, јас и тогаш сугерирав излезете малку во вашите изборни единици од каде што сте избрани и прашајте ги луѓето дали тие наводни 7% раст ќе можат, или веќе се почувствуваат. Одговорот многу добро ви е познат.

Да резимирам. Владата може понатаму да продолжи преку Благица Новковска и Државниот завод за статистика да ги парафризира податоците, ама знаете со велела математика и вашиот пристап можете да направите од 5% да стигнете до 7, ама не можете од 2 направите 7. Сега ви се случува она кое што СДСМ и останатиот дел од опозицијата го предвидуваше. Паѓаат сите економски параметри и во таква ситуација Владата се обидува да направи нова манипулативна мерка, а тоа е да ги одбере платите кои што учествуваат, за жал, во огромент процент во формирањето на стапката на бруто домашниот производ и на тој начин некои работи да испегла. За самиот чин на зголемување на платите малку подоцна.

Она што дополнително загрижува е што повторно од министерот Славески, јас жалам што вие ја земавте таа задача, да слушнеме дека вие веќе најавувате, во вашето експозе тоа можам да го потврдам, промена на методологијата за пресметка на стапката на невработеноста на Република Македонија.

Значи, однапред се најавува дека треба да бидеме подготвени дека за две или три недели од сега, во зависност од тоа дали ќе има анкета, или некој друг пат на пупуларноста на Груевски да излезете во јавноста и да речете почитувани граѓани на невработеноста во Република Македонија не изнесува повеќе 35 или 36% согласно методологијата која што имате во сите извештаи на ИВО и ја пресметува владиниот Завод за статистика, или таа не изнесува 370 илјади невработени, таа прекуноќ дошла до 150 - 160 илјади невработени или 15%. И, тоа треба да биде уште еден повод за серија на кампањи од страна на Владата на Република Македонија, за кои што патем Груевски упорно не кажува колку пари чинат. Тоа треба да биде уште еден повод за манипулирање со основните податоци на хартија и на телевизија како една убава претстава. Еден мој колега тоа го нарече Потемкинови села и за такви имавме шанса да ги гледаме на филмовите, во сериите и да ја користиме таа фолускула за нешто што е лажно, што е параван и што на еден посилен ветер паѓа, се руши, не постои.

Како и денеска, за жал наместо да добиеме сериозна процена за тоа како ќе се движи Република Македонија во делот на економијата, да слушнеме процена од министерот за финансии како инцидентите во ова Собрание на негови колеги, на наши и негови колеги пратеници ќе се одразат на економската активност, на рационалните очекувања на економистите, на стапката на инвестиции во оваа држава, на каматните стапки, да слушнеме дека новата работа која што ја смисли оваа Влада е тоа како ќе ја промени методологијата за пресметка на невработеноста.

Господине министре искрено и лично сугерирам колку и да се обидувате, ако ја имате наредбата од Груевски добиено или вие лично, не знам, да ја менувате таа методологија по тезите за искривување на реалноста може да се заврши во една канцеларија, ама надвор од неа тие остануваат. Исто како што во политичкиот дел Груевски се обидува да го заобиколи ДУИ на тој начин што ќе предложи ваков вид на Изборен законик и да се случуваат вакви работи благодарение на неговиот шеф Мендух Тачи, така и вие во економијата се обидувате да ги заобиколите реалните проблеми и да се обидувате да ги решите на тој начин што нема да ги признаете и ќе речете “тази дупка не е дупка” нема 36% невработеност, има 20 бидејќи на хартија ние тоа ќе го избришеме. Нема 370 илјади невработени бидејќи ние тоа ќе го направиме. Ќе префрлиме 25 милиони евра за разни трансфери, на сива зона, но за оние стечајци што шести месец, можеби и повеќе седат во шаторите, за нив никогаш нема да има пари. И ќе го одберете методот да се обидувате да ги прикажувате резултатите подобри отколку што сега се катастрофални во економијата, на тој начин, што ќе речете ги зголемувам платите за 10% на членовите на државната и јавната

администрација. Тоа е најреформскиот потег на оваа Влада. Притоа, кога ќе бидете најсигурни каков настап ќе имате, пред ММФ ќе речете нив ги известивме и во сите ваши соопштенија стои таа ваша формулација, значи не сте разговарале, туку "ги известивме". Кога тие би можеле да имаат некоја позитивна порака према вас вие ќе речете ММФ се согласи дека оваа Влада ќе постигне 7% раст, за да сега видиме дека доаѓаме на проценката токму на ММФ. И за тоа зборувавме на почетокот на оваа година. ММФ рече ќе заврши на 4,5, Светската банка беше отприлика некаде тука, 4, нешто, Европската банка за обнова и развој беше слично. Сите беа нека 4 до 4,5% стапка на раст на Република Македонија на бруто општествениот производ. И наместо да разговараме што е тоа што треба да се направи со концензус, вие ни ги најавувате, каде што ја променивте методологијата за општествениот производ, каде за индустриското производство за да ги добиеме овие лажни податоци, сега ќе ги менуваме и кај невработеноста. Тука ќе заврши целата економска активност на Владата.

Проблематично дополнително кај овој ребаланс на буџет е што истата формулација која што можеби е легитимна како теза, но проблематична како факт, за оваа Влада е дека вие ги проектирате зголемувањето на расходите благодарение на предвидуваниот пораст на персоналецот, иако знаете дека за него се уплаќаат аконтации и не можете да знаете дали тој тренд ќе биде задржан и понатаму.

Дури и да се согласиме дека тоа е така, јас имаме сериозни забелешки и мислења дека рамниот данок апсолутно не ги даде посакуваните ефекти за кој што патем речено вие како министер и Владата воопшто не ги постави стандардите и очекувањата низ квантитативна призма за да знаеме дали имаме зголемени позитивни придобивки или негативни.

Како е возможно ако ви растат вас приходите по персоналецот во маса пари општините кои што добиваат 3% од тој персоналец да добиваат помалку средства. Или вие им ги кратите на општините и од нивните со закон утврдени 3% не им ги исплаќате, или постои разлика во пресметките. Доколку сакате тоа да го проверите може да остварите, а знам дека остварувате поинтензивна комуникација со градоначалниците за да утврдите зошто во маса на средства нивните 3% не се идентични со 3% од порастот на персоналецот во генералниот буџет.

Господине министер треба да објасните зошто секогаш кога се носи нов, или се поставува нов ребаланс на буџет паѓа процентот определен за капитални инвестиции на Буџетот на Република Македонија, а сите се согласуваме дека за жал, за жал во една мала неразвиена или средно развиена економија државата преку Буџетот е најголемиот инвеститор. Од 1,2% на 8,5% се намалуваат средствата определени за капитални инвестиции на Владата на Република Македонија преку Буџетот. Значи, вие свесно се определувате средствата наменети за капитални инвестиции ги намалите, ги префрлите во стапките наречени 464, разни трасфери и договори, кои што ви претставуваат сива зона и за кои што срце ве боли кога Државниот завод за ревизија ќе утврди непланско, неправилно и незаконско трошење. И сите средства да ги насочувате таму каде што лесно можете да ги вадите и да ги префрлувате за кампањи, за ангажирање на советници, за кои што патем речено не добиваме никаков одговор.

Дури и за последанта манипулација која ја правите, манипулација со пристапот дека одбројувате од 178 членки на 178 држави во светот дека Македонија наводно била на 4 место, а не од групата на 10 издвоени на 4 место. Вие покажувате дека ги употребувате парите на нашите граѓани само за да направите обичен маркетинг. Дури и тоа не го прикажувате на коректен и точен начин. Ајде да разговараме за што е на 4 место, ама не на начин на кој вие го правите или притоа бевте многу погодени од тоа што со право медиумите ви го покажаа начинот на кој вие спрема нив се однесувате, па таму постоеше забуна, па министерот, па премиерот Груевски во стилот Хуго Чавез требаше веднаш да побара МТВ да изврши директен пренос, а патем речено МТВ треба да ја притискате да усвои план за рационализација каде се стартуваше од 700, сега треба до некоја бројка од 400 и кусур луѓе да бидат отпуштени. МТВ нема пари за вработентие, нема пари за програма, ама има пари за половина саат да ги стави линковите да го пренесуваат говорот на Груевски не баре соопштува дека Македонија е меѓу првите 5 држави по стапката која сакте одберете ЦДП (пер капита) по глава на жител. Така не се води економија. За тоа резултатите и ефектите можете да ги почувствувате само ако излезете од блиндираните возила и прошетате малку помеѓу луѓето.

Владата одлучи дека наводно ваквите добри податоци и успеси во економијата да ги валоризира со зголемување на платите на припадниците на државната и јавната администрација. Да се разбереме, никој во светот нема да ви рече дека е против зголемување на наемнините. Ама, никој во светот не може априори да се согласи дека во ваква економија, со вакви претпоставки и со вакви услови најдобриот потег што оваа Влада може да го смисли да ги зголеми платите и тоа само на одредена категорија на граѓани. Прогресивно, нели, за три години колку што тоа ќе изнесува. Тоа говори дека наместо да ги употреби ресурсите кои и стојат на располагање, а знаете зошто и стојат, затоа што минатата Влада која вие ја обвинувавте за буџетски суфицит, минатата Влада која вие ја обвинувавте за нереално и претерано ниво на девизните резерви, тоа го направи и ви ги остави на располагање средствата од девизните резерви, на тековната сметка на Буџетот, во дадена ситуација направи суфицит со кој јас лично не се

согласувам, но сега вие ги имате тие средства за располагање не како приватна и лична своина, туку вие со нив треба да менаџирате, бидејќи ова што Груевски го прави има само краткорочен маркетиншки ефект и верувајте и вие господине министре многу добро го знаете неговото работење во периодот од 1998 до 2002 година, посебно последните 2 години како министер за финансии. Лесно е да си министер за финансии што сите те сакаат кога парите од граѓаните ги трошиш без усул и на погрешно место и после некој по тебе треба да дојде и буџетските дупки и огромните дефицити треба да ги решава. Е, тоа не е добар министер. Тоа исто како вие дома да се задолжите 200 илјади евра господине министре, а после да дојде некој друг и да ги оправа вашите долгови. Или мои, сеедно. Тој пример можете да го аплицирате на сите. Лесно е да си лош домаќин и да трошиш тоа што го немаш, а после некој друг да доаѓа и да рече се извинувам граѓани, ајде сега да го стегаме ременот, треба да се враѓаат хировите, пица буџетите на тогаш министерот за финансии Груевски.

Јас знам една работа дека овие глупости што сега се прават некој ќе треба да ги плати. Нема вие да ги платите. Се извинувам, вие ќе ги платите политички, ама финансиски ќе ги платат граѓаните од плаќањето на нивните даноци средствата кои сега бездушно се трошат без план, без усул, ќе треба некој да ги враќа.

Во Буџетот, поточно во ребалансот има сериозни ставки кои вие се обидувате сега некои да ги зголемите, некои да ги намалите. На пример, кај Владата на Република Македонија повторно во вашата фамозна и најмногу користена ставка 464-разни трансфери вие пак ќе ги зголемувате средствата на Владата на Република Македонија. Зошто? Што е тоа што Владата има намера да го направи, па во разни трансфери да ги зголемите од 1.530.000 на 6.539.000, да ја зголемите само оваа ставка. Што ќе прави Владата? Ќе ангажира нови советници, ќе плаќа нови продуцентски куќи, колку спотови ви се до крајот на годината и дали конечно ќе кажете колку тие чинат, да престанеме да ги плаќаме ние како граѓани. Апсолутно е некоректно и противзаконски вие ваквите ставки ги зголемувате од буџет во буџет. Одприлика минатиот пат ги зголемивте за 20 милиони, сега за плус 25 милиони во тотал, значи не само кај Владата, туку во тотал,при тоа трагичното е што не давате отчет. Не само што ги трошите за ваш политички маркетинг, не само што работите спротивно на Законот, туку не давате отчет за што сте ги потрошиле и која е намената.

Да ве потсетам, Груевски по не знам кој пат како онаа реклама за пиво "ај пак", не одговори колку пари чини последната кампања за таканреченото 4 место. Верувам дека упорно ќе продолжи, бидејќи нема резултати, со такви кампањи.

Има многу места каде вие покажувате дека или некоректно или неплански сте ги проектирале средствата, бидејќи истите,морам да признам, ги намалувате. На пример во Секретаријатот за европски прашања ги намалувате во оној дел кај капитални расходи за прилагодување на институциите во процесот на пристапување на Република Македонија во Европската унија за 10 милиони денари. Или за слични ставки кај субвенции и трансфери ги зголемувате во Министерството за правда повторно ставката 464 кај администрацијата-разни трансфери за отприлика милион ипол денари, а во исто време на некои места ги намалувате за казнено поправните домови, или ги намалувате во програмите за борба против криминалот и корупцијата, ама за разни трансфери секогаш има пари. И секогаш нема отчет како се трошат тие пари.

Или, не дадовте отчет со кои средства Република Македонија ќе го спроведе она што пак Груевски во еден ден од тие легендарни 5-6 дена за да ги покрие становите и другите корупциски скандали како ОКТА рече дека Македонија ќе градела 45 дипломатско-конзуларни претставништва и дека тие отприлика ќе чинат 50 милиони евра, извинете ако грешам, а за истата намена сте предвиделе само 170 милиони денари во Министерството за надворешни работи. Таа ставка не ја менувате. Прашањето е кој лаже. Кога веќе излегувате и колективно и вие како дел од таа работа ги најавувате таквите активности на Владата на Република Македонија.

Не очекувам да ми дадете одговор исто како што не очекувам да ми дадете одговор во Министерството за економија зошто е драстично зголемен, повторно во ставката 464 од 37 милиони на 207 милиони и кусур средства во Агенцијата за странски инвестиции во Република Македонија. Или ако сакате поточно да ми ги елаборирате овие средства и зголемување кажете ми еден податок, бидејќи овде гледам егзактен податок зголемување за отприлика 170 милиони денари, колку странски инвестиции во Република Македонија од 1 јануари 2007 година до 1 октомври 2007 година има донесено благодарение на активноста на Агенцијата за странски инвестиции, за да знам дали овие средства кои ги реалоцирате кај нив, а земате од други пари, земате од Фондот за магистрални патишта, немате за стечајци, намалувате за други програми, за инфраструктура, намалувате ДДВ, зошто да се дадат токму на Агенцијата за странски инвестиции, кој е ефектот, бидејќи има кос бенефит анализа, сакам да знам зошто 170 милиони денари одат во оваа Агенција, бидејќи, ако се гледа по нејзиниот учинок и сателитите министри како Ташковиќ, Самак и останатите, јас мислам дека Македонија веќе ја доведовме во сериозна загуба. Бидејќи сериозни пари се одлеваат за нивните имоти, за нивните бизнис авионски билети, за нивните скапи деловни ручеци, вие се шетате во Италија, Австрија, влегувате како полуненајавени кај фирми, резултатот го нема, а парите некаде одат. Ако не се упорно пак за кампањи, сакам да знам за која конкретна цел и намена тие отишле.

Се обидов преку рационалниот број на амандмани јас и моите колеги од СДСМ оние забелешки дадени од страна на единиците на локалната самоуправа за недоволниот износ на средства за блок дотации во делот на образованието да го корегираме, се надевам дека ќе наидеме на разбирање од ваша страна барем во тој дел. Предложив амандман за кој ќе говорам, до колку трае расправата понатаму, конечно да ги одземете средствата за музејот на ВМРО-ДПМНЕ и ги дадете за некоја попаметна намена, јас ви ја предложив изградба на автопатот Е-75 или некои одредени делници и можеме да дебатираме и да оствариме консензус, тука можеме да ве подржиме, ако имате таква идеа, во овој момент, за жал, не ја гледаме, некои сериозни потреби во оваа држава како што се инфраструктурата, како што се социјалните потреби заеднички да ги реализираме без притоа некој да се обидува да става ордени кои, за жал, се помалку од ваша страна ги има односно со овој начин на водење на економската политика ако не ви е Благица Новковска и Државниот завод за статистика, нема да покажете ни 4% раст. За жал, за жал, бидејќи на крајот на годината, убеден сум дека ќе ја водиме истата оваа дебата за која јас лично и мои колеги предвидовме кога го извадивте оној фамозен податок, дефинитивно лажен, сега се гледа тоа, од 7% во еден од најуспешните квартали по теоријата вие остварувате негативни стапки на индустриско производство. Имате намалување на фризираните податоци од Заводот за статистика, што покажува дека нешто сериозно не оди во ред. Не оди на арно. Ако не престанете сите средства кои ги имате во Буџетот, во резервите да ги алоцирате во потрошувачката не само што нема да бидете изненадени, како што го забележав од вашиот изглед дека сте среќни што нема инфлација од онаа што ја очекувавте, ако е тоа точно, туку Република Македонија сериозно ќе влезе во одредена ситуација каде сето тоа кое беше стабилно спечалено реално ќе го изеде, ќе ја зголеми потрошувачката, веројатно тоа ви е идеата за да влијаете повратно на пресметувањето на општествениот производ, бидејќи останатите клучни ставки како инвестициите и домашните и странските како трговскиот дефицит, не се на арно и останува што? Само платите. Една лажна проекција, лажно проектирање дека Република Македонија има капацитет да издржи зголемување на платите т.е. тоа може да го направи на хартија, но тоа може да го направи многу краткорочно и после некој друг, а тоа нема да бидете вие, убеден сум во тоа, ќе треба да ги исправа грешките кои на истиот начин од 2000 до 2002 година ги направи токму Груевски кога го раскина аранжманот со ММФ, кога ги пушти сите пари во промет, кога направи огромен буџетски дефицит за кој две години беа потребни за да се дојде во ситуација да можеме да речеме имаме балансиран Буџет на Република Македонија до 2004 година и да можеме да проектираме зголемени приходи. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Ивановски.

Нема пријавени за реплика.

Има збор господинот Слободан Најдовски, повелете.

**Слободан Најдовски:** Благодарам почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван министер,

Дозволете ми да го изнесам своето мислење по однос на ребалансот, по втор пат предложен во оваа година. Не знам од кои причини, но очигледно дека не предизвика многу интерес ни кај пратениците ни кај јавноста во Република Македонија иако според мене, напротив, овој предложен ребаланс кој навидум изгледа со мали измени, значи суштинско менување во правецот на политиката на буџетите на Република Македонија односно започнување на еден нов начин на нова структура на Буџетот на Република Македонија каде најголемиот дел ќе биде сконцентриран во плати и во договорни услуги и разни трансфери кое на долги патеки ќе ја менува структурата на идните буџети во Република Македонија.

Сметам дека расправата по предложениот ребаланс не смееме да ја сведеме на тоа кој е за или против зголемување на платите во администрацијата, бидејќи така беше најавен. Беа пребрзани реакциите и на некои експерти кои, без да го видат ребалансот на Буџетот, даваа изјави во јавноста дека колку е позитивна мерката на Владата на Република Македонија со зголемувањето на платите без притоа да согледаат дека се менува драстично структурата на буџетите во иднина на Република Македонија каде се помалку и помалку е учеството на капиталните расходи или она што зборуваше мојот претходник, капиталните инвестиции.

Отука на прв поглед ако појдеме и од воведните напомени на министерот господинот Славески се отвора една дилема. Имено, минситерот во своето уводно излагање меѓу другото рече дека главните аргументи зошто се пријде на овој ребаланс и заживување на економската активност, доследно спроведување на реформските политики, неселективното исполнување на законските обврски кон државата и успешно управување со државните финансии. Сето ова да го поткрепи и аргументира со резултатите од првиот квартал за кој јас не сакам да навлегувам колку се исправни или неисправни, а притоа бегло да премине преку резултатите на макроекономската политика во вториот квартал и каде вели дека во првиот квартал бруто домашниот производ изнесуваше 7%, а во вториот квартал е нешто понизок заради некои сезонски варијации.

Господине министре, 7% раст на бруто домашниот производ вопрвиот квартал и 4% во вториот квартал не е нешто понизок, туку тоа е 3%-тни поени или ајде да не сметаме некаде 40%

помалку од првиот квартал. Ова не го зборувам за да критикувам, туку ова го зборувам за да реално ја согледуваме состојбата и врз основа на тие параметри да ја градиме идната економска политика во Република Македонија.

Отука моето прво мислење е дека предложениот ребаланс не е резултат на драстичниот пораст на приходите во Буџетот на Република Македонија и заради тоа да се зголемат платите, напротив, зад ова, според мене, се крие структурното менување на Буџетот т.е. намалување на капиталните расходи и директно пласирање на средства во ЕВН и МЕПСО кое исто како и минатата година нема да добиеме отчет како се потрошени и зошто не се вратени во Буџетот на Република Македонија.

Втората теза или второто мое мислење се однесува на зачуденоста како во само два месеци имаме драстично менување во планирањето на Буџетот на Република Македонија? Тоа го дискутирав и на Комисијата, па се поставува прашањето, што толку се смени во овие два месеци на 28-29 јули да ни предложите дека за капитални расходи во Република Македонија ќе се потрошат 11.732.000.000 самоод основниот Буџет, сега да слезете на 11.048.000.000, не знам сега со овој амандман кој го поднесовте колку таа бројка ќе изнесува. Го намаливте само од основниот Буџет за 800 милиони денари. Ова како еден пример сакам да го покажам.

Што се смени во политиката на Владата за само два месеци? Или тогаш не сте планирале добро или сега. Не може и тогаш и сега да бидете во право. Ова ме наведува на фактот да размислувам дека Владата или нема капацитет рационално да ги троши средствата за капитални расходи, или пак го испланирала тој износ само за да постигне баланс на двете страни на Буџетот. Поинаку не можам да размислувам, барем не добив аргументи ниту на комисиите, иако беше речено дека тоа ќе бидат средства кои ќе се префрлат во наредната година и некои објекти тогаш ќе се финансираат. Мислам крајно нестручно објаснување, или не знам како да речам, за кое нема никаков аргумент.

Во однос на тврдењето на министерот дека имаме драстично зголемување на наплатата на приходите и дека тоа е резултат на новиот начин на оданочување кој што е применет во Република Македонија, можам да го кажам само следново. Не мора повеќе ние да кажуваме аргументи како пратеници, прашајте ги сега стопанствениците, кога видоа колку плаќаат персоналец, колку плаќаат данок на добивка и како тоа им се засметува со проширување на даночната основица, која не значи зголемување на основицата на бројот на субјекти, туку напротив, во рамките на истиот број на субјекти проширување на таа основица на оданочување, тогаш ќе ги добиете вистинските резултати, односно се повеќе се потврдува тезата дека наместо намалување на персоналниот данок и данокот на добивка, на перфиден начин, Владата ги зголеми овие давачки на стопанството.

Кога дискутирав во јули за тогашниот ребаланс, поставив едно прашање до министерот за финансии. Тогаш беше овде присутен заменик министерот за финансии во однос на приходите и до денес не добив одговор, па повторно ќе прашам: Зошто откако е оваа Влада, ова Министерство за финансии на Република Македонија според резултатите од првите 6 месеци за приходите по основ на акцизи и ДДВ од цигарите има најмали приходи од било која Влада до сега од 1996, 1997 година наваму. Само ќе напоменам според пресметките што произлегуваат од приходите од Министерството за првите 6 месеци, се покажува дека само по основ на акцизи околу 4 милиони евра оваа Влада е послаба од било која досегашна. Зборуваме и за оние влади во кои имало други коалиции, коалиција во која било и ВМРО, во сите влади, оваа Влада има моментално најмали приходи по основ на давачките за цигарите.

Второто прашање кое што е доста теоретски за полемизирање, но е и практично прашање, е околу зголемувањето на платите. Првото прашање што се поставува е прашањето кога имаме реално зголемување на платите во Република Македонија за 4%, номинално за 5% како што изнесе и министерот за финансии, се поставува тогаш прашањето од каде ќе изнајдеме средства за 10% зголемување на платите на администрацијата.

Јас ќе го искажам мојот став. Сакам да ве потсетам сите партии кои учествуваме на избори од 1990 година наваму, потсетете се што имаме запишано во своите програми. Имено, дека Република Македонија не може да издржи толкава администрација и сите се залагаме за едно, дека ќе имаме мала ефикасна и добро платена администрација. Смтам дека е време да се започне со поставување на администрацијата во зависност од економскиот развој на Република Македонија, потребни се структурни реформи во администрацијата во Република Македонија, а не секоја од нас партиите кога ќе дојдеме на власт да го зголемуваме бројот на вработени во администрацијата. Тоа ќе оди од една страна на штета на постојните вработени заради тоа што платите ќе им останууваат и понатаму ниски, од друга страна ќе оди и на штета на квалитетот на работата на администрацијата. Можеме да полимизираме, иако за тоа немаше амбиент ниту во комисиите ниту овде, дали е подобро во овој момент Буџетот многу повеќе да вложува во разовј на Република Македонија и адекватно на тоа да се повлече зголемување на платите на администрацијата, или пак на краток рок да ги зголемиме платите на административците што пред се ќе се должи на зголемениот дефицит во 2007 во однос на 2006 година и на нови задолжувања. Мислам дека ако размислуваме во таква насока Република Македонија ќе ја доведеме во погрешна насока.

Се поставува прашањето - ќе се обидам да не ги повторувам искажувањата на дискутантите што веќе зборуваа - за реализацијата на капиталните расходи во изминатите месеци. Според една информација што ја изнесе претставник на Владата на една на комисиите во Собранието во расправата за ребалансот, ако добро слушнав, со оглед на тоа што не сум член на таа Комисија ова го слушнав на снимките од работата на комисиите, дека реализацијата на капиталните расходи до пред некој ден била со 35%. Мислам дека мора да е грешка, а ако не е грешка, тогаш тоа е катастрофален приод од страна на Владата. Имајќи предвид дека сега драстично се намалуваат средставата од капиталните расходи, тоа ме упатува на заклучок дека Владата има многу лоши резултати во поглед на реализацијата на капиталните расходи. Од друга страна расходите за реклами се целосно реализирани, расходите за договорни услуги целосно се реализираат, расходите за трансфеери целосно се реализираат. Мислам дека тоа е погрешен приод при трошење на средствата од граѓаните на Република Македонија. Еве само еден пример ќе ви кажам. Денес во “Утрински весник” прочитавме Република Македонија нема 13 милиони евра за обновување на асфалтот на автопатот Скопје - Велес, а не можеме да добиеме податок колку потрошила до сега Република Македонија за рекалмирање на Владата. Таков пример мислам дека нема ниту една држава во светот. На страна тоа дали се под тендер или не, убеден сум дека последнава реклама за 4-тото место не е под тендер затоа што во рок од два дена ја извадивте на телевизија. Но, се поставува прашањето, за се друго може да ги потрошиме парите, за се друго ќе се изнајде начин таму каде што има скриени форми на трошење на парите на граѓаните, за капиталните расходи се предвидува намалување за 800 милиони денари.

Она што сакам да го потенцирам е во однос на некои нелогичности кои се во самиот предлог на ребалансот и сметам дека министерот за финансии треба да даде одговор на неколку прашања кои се поврзани со ребалансот. Имено, ако погледнете, со ребалансот се предвидува и она што го кажува како главна работа Владата дека ќе се зголемат платите на адиминстрацијата. Сосема логично е, аналогно на тоа да се зголемат и придонесите за социјалните фондови, односно за пензискиот фонд и за Фондот за здравство. Ако ги погледнете приходите на Пензискиот фонд и на Фондот за здравство ќе забележите дека остануваат на исто ниво. Мене ми е нелогично зошто ги имаме овие бројки, затоа што при зголемени плати сега на адиминстрацијата, при зголемена економска активноста како што кажуваше и министерот и реален раст на платите, тогаш ако не за друго, за онолку за колку се зголемуваат платите на администрацита треба да бидат зголемени и приходите процентуално во Фондот за пензиско и инвалидско осигурување и во Фондот за здравство, затоа што иако во материјалот ја нема бројката колку ќе изнесуваат потребните средства за платите, ако имаме како што беше изнесено во јавноста 500 милиони денари за зголемување на платите тогаш е реално дека 27,5% од тие пари на бруто основица, од тие пари треба да се издвојат и за Пензискиот фонд или 8,9% или 9% за Здравствениот фонд. Од тука е зошто го немаме зголемувањето во Фондот за пензиско и инвалидско осигурување и во Фондот за здравство, односно од платени придонеси по основ на зголемени плати. Тоа може да не доведе до заклучок дека останатите приходи во овие два фондови, кои треба да бидат од стопанството, нема да бидат остварени онака како што биле испланирани во Буџетот на Република Македонија.

Понатаму, сметам дека е потребно господине министре и на нас пратениците, а и на македонската јавнос, точно да ни кажете за што ќе бидат потрошени парите за подршка на енергетскиот систем. Дали ќе бидат потрошени за увоз на струја, дали ќе бидат потрошени за инвестиции, дали ќе бидат потрошени за купување на мазут или не знам за што, тој одговор треба да го дадете и на пратениците и на македонската јавност.

(Потпретседателот Иван Анастасовски седнува на претседавачкото место и продолжи да раководи со седницата).

Тесно со ова е поврзано прашањето кое неколку пати го поставуваме овде и со субвенцијата која што беше во Буџетот од минатата година во однос на купувањето на мазут од МЕПСО. Ве прашувам господине министре, немам ништо против, во тој момент Владата оцени дека е потребно заради надминување на проблемите со електричната енергија во Република Македонија да се набави мазут и ТЕЦ “Неготино” да произведе одредена количина на струја за потребите на Република Македонија. Нема сега да ве прашувам за тендерот, но сега прашувам: Количината на струја е произведена во ТЕЦ “Неготино”, дадена на МЕПСО, таа количина на струја е наплатена од корисници. Ве прашувам сега што со финансиските средства или што со парите што МЕПСО ги заработи во разликата на цена од трошоците кои што беа на ТЕЦ “Неготино” и оние што ги наплати од граѓаните на Република Македонија. Тие средства треба да се вратат во Буџетот на Република Македонија, односно треба да се вратат кај граѓаните на Република Македонија. Никој нема право, со оглед на тоа што и МЕПСО и ЕВН се акционерски друштва во кои не доминантен туку исклучителен сопственик е државата, сепак тие работат на профитабилна основа. Тие пари што се разлика, за тие пари до ден денес немате дадено објаснување за што се искористени. Не сакам да навлегувам во шпекулации кои сменетиот генерален директор на МЕПСО ги кажуваше во јавноста дека неговата смена е резултат на политички прашања, а не е резултат на

работењето во МЕПСО, но тоа отвора како за пратениците така и за македонската јавност одредена доза на соменж за што се потрошени тие пари.

Понатаму, би ве замолил да ни одговорите, главна поента која ја слушаме на Владата оваа година е привлекувањето на странски инвестиции. Резултатите не сакам сега да ги коментирам, но едно е чудно во предложениот ребаланс. Овде се убедувавме кога беше предложен Буџетот и Законот за развој на економските или индустриските зони, како сакате наречете ги. Тоа беше еден од главните правци на економскиот развој што ќе го има Република Македонија. Сега со предложениото Буџет од ставката - Привлекување на странски инвестиции кратите 200 милиони и тие ги префрлувате во Агенцијата за промоција, или Агенција за привлекување на странски инвестиции. Ако беа во ставката за привлекување на странски инвестиции, тие требаше да се вложат во инфраструктурни објекти во развој на тие индустриски зони. Сега ги префрлувате во Агеницијата за привлекување на странски инвестиции, каде што наместо во изградба на инфраструктурни објекти во зоните ќе ги трошите за промовирање во странство. Тука е најлесно тоа да го направите заради тоа што никој не може да ви води евиденција и на крајот не може да се види резултатот за што се потрошени тие пари.

Само да ве потсетам, при интерпелацијат на Владата на Република Македонија која што беше во овој Парламент, премиерот господин Никола Груевски во своите завршни зборови најави 3,5 милијарди долари странски инвестции во Република Македонија. Тоа помина некако незапазено во Република Македонија, но добро погледнете го стенограмот од таа седница и ќе видете дека околу 3,5 милијарди долари беа најавени странски инвестиции. Што значи сега ова скратување за 200 милиони од ставката - Привлекување на странски инвестции, се откажувате ли од тој проект или пак повторно Владата неправилно ги испланирала средствата и не стигнала да ги намени за она што беа наменети.

На крајот би завршил со тоа дека и овој ребаланс кој што е предложен за денешната седцница сметам дека не почива на реални основи, дека овој ребаланс менува драстично во економската политика во Република Македонија во која според мене трошењето на финансиски средства ќе оди во погрешна насока, но тоа е тама за дебатирање малку пошироко.

Од овие причини, нема да подржам ваков ребаланс и уште еднаш ќе повторам, не сакам да се врзува ребалансот со тоа дали сте за или против зголемување на платите, напротив, зад таа теза се крие менувањето на структурата на трошењето на буџтските пари на Република Македонија. Ви благодарам.

**Иван Анастасовски:** Има збор пратеник госпоѓица Верица Филипова, повелете.

**Верица Филипова:** Благодарам.

Почитуван господин потпретседателе, почитнувани колеги пратеници, почитувани претставници од Владата на Република Македонија.

Денешнава моја дискусија ќе ја започнам со мислата на кандидат за претседател на САД кој има изјавено дека мојата улога како лојална опозиција ја подразбирам да и служам на мојата земја, мојот народ и на гласачите кои ме избрале и нема да дозволам да бидам опозиција која и се додворува на партијата на власт. Мислам многу чесно, многу искрено кажано  и оваа мисла вслушност ми е водилка во мојата работа во Парламенот и мојата дискусија овдека. Луѓето кои ме изгласале, гласачите, луѓето кои даваат подршка на Социјалдемократскиот сојуз, македонскиот народ очекуваат народните пари да се трошат со ум, со разум онака како што е најпотребно, а не за објекти, за инвестиции кои можат да почекаат најблаго речено.

Денес имаме точка на дневен ред ребаланс на Буџетот на Република Македонија односно по втор пат имаме ребаланс на Буџетот за 2007 година. Четири основни интервенции во овој ребаланс се: зголемување односно обезбедување на средства за зголемување на платите во државната, јавната администрација и кај сите други буџетски корисници за 10% за наредните неколку месеци од 2007 година, втората интервенција е 22-те милиони евра за приватизацијата на ЕСМ Дистрибуција, сега ЕСМ ЕВН, трето е субвенција односно обезбедување на цели 13 милиони евра на МЕПСО и четврто е стредства за децентрализација. Трите точки, односно платите за јавната и државна администрација и зголемување на платите за другите буџетски корисници од 10%, 22-те милиони евра за ЕСМ ЕВН, средствата за децентрализацијата можам да кажам ги подржуваме и како партија и лично како пратеник, и се логични.

Меѓутоа, во овој пакет се нуди на македонската јавност, се нуди на македонскиот парламент да донесе одлука како кукавичино јајце и средства од 13 милиони евра, за субвенција на МЕПСО, повторно, по втор пат. Имавме една таква субвенција, едно доделување на средства при крајот на 2006 година, сега втор пат. Така, не забележано да би поминале со сите други средства кои ќе се одвојат од овој Буџет, односно со овој ребаланс кој ќе се релоцираат.

Како што кажа во експозето, односно во воведното излагање, министерот - на расходната страна на Буџетот се предвидени значителни средства кои ќе бидат искористени за финансиска консолидација на енергетскиот сектор во Република Македонија и толку. Финансиски консолидација на енергетскиот сектор во Република Македонија по втор пат огромни суми пари, всушност и вие кажавте

почитуван господин министер, значителни средства е многу, многу чудна работа. Во 60 годишното постоење на македонското електростопанство, прв пат минатата година, втор пат годинава се случува, од народните пари, од државниот буџет да се даваат средства во енергетскиот сектор во Електростопанството, било МЕПСО, било електрани на Македонија.

До сега, тие организации бевме навикнати да одвојуваат средства од својата жиро сметка за други намени, за помош на државни институции, а сега се оди во обратна насока. Односно обезбедуваме народни пари за најблаго кажано недомакинско работење во овие две акционерски друштва во сопственост на Владата. Впрочем, и директорот на една од овие компании Владо Чинговски, јавно, во трибина во Стопанската комора на Македонија кажа цитирам: “Во МЕПСО се работи криминално”. Затоа ви поставувам прашање: Што се случува во овие фирми? Каде се парите? За какви  криминали меѓусебно се обвинуваат генералните директори на ЕЛЕМ и на МЕПСО а ние овдека одвојуваме 13 милиони евра по втор пат за нив. Или пак, одговорот ќе биде како на министерот Селмани за изгубената парница за прекувремената дополнителна работа на лекарите па не сум јас крив, не е крива Владата, Парламентот го изгласа тоа. Повторно ли овој пат вината ќе биде  фрлена врз Парламентот, за недомакинското, да не кажам криминалното работење во овие претпријатија. А имаме многу аргументи со кои може да се потврди начинот како се работи во овие претпријатија.

Деновиве по трет пат испаѓа РЕК Битола од погон за многу кратко време. Нешто што до сега, во историјата, во 60 годишната историја на Македонското Електростопанство се нема склучувано. Поточно на 7 јуни 2007 година, испадна еден блок во РЕК Битола, односно дефект на еден блок, при што имаше хавариски увоз на сруја од Бугарија која ја спасуваше земјата од тотален мрак. На 7 јуни кога имаме ниски товари во енергетскиот систем Бугарија не спасува од тотален мрак. Поради дефектот што се случил во петокот во РЕК Битола, Македонија во наредните 15 дена со интервентен увоз од Бугарија и Србија, ќе ги надоместува потребните количини на струја. Ова земјава ќе ја чини дополнителни 2,5 милиони евра. Тоа беше во јули месец. Се увезуваше хавариска струја од Бугарија, Србија, преку фирмата ПИМА вие добро знаете чива е таа фирма, кој ја претставува во Република Македонија. За јавноста која не гледа, да кажам, само дека е повторно од фамилијата, фирмата ПИМА и Македонија си плати на гладно срце, од нашиот Буџет 2,5 милиони евра.

Повторно, повторно се случи испад на еден блок на РЕК Битола на 13 септември 2007 година. Повторно беше исклучен од мрежа поради дефект и повторно се увезуваше хавариска енергија, хавариска сруја преку фирмата ПИМА неколку денови. Пак се работи за летен период, пак се работи за период со високи дневни температури, мали товари во енергетскиот систем.

Денеска, почнувајќи од петокот, од 28 септември, повторно 4 дена во Македонија имаме испад на еден блок во РЕК Битола. Повторно со една третина од расположливиот капацитет работи РЕК Битола и покрај тоа што се обидоа да интервенираат со вклучување на ТЦ Неготини, итно, во мрежа. Повторно се увезува хавариска електрична енергија од Бугарија и од Србија, повторно преку истата фирма ПИМА. Три пати, едно по друго е многу и за добрите познавачи на енергетскиот сектор и за случајните познавачи, да се случува дефект, хаварија во РЕК Битола. Дали на овој начин се празни Буџетот на Република Македонија, дали се прелеваат средствата од Буџетот во приватни џебови, вие би требало да знаете. А, се работи за милиони евра.

Би сакала да потсетам дека ние денеска или утре, или наредните денови треба да изгласаме 13 милиони евра да дадеме средства за финансиска консолидација на енергетскиот сектор во Република Македонија. Замисете каква иронија, што се случува, а што овде се бара да се прави. Што се сллучува во енергетскиот сектор.

Би сакала да потсетам нешто што сите добро го знаете. Да потсетам за 13-те милиони евра, за 20-те милиони евра, субвенција за купување мазут во текот на месец ноември 206 година, што ги одобривме овде по многу искрено кажување на министерот Славески, тогашно, за набавка на мазут од ОКТА, како би се спасила Република Македонија од мрак. Поради топлата зима беа искористени само 13 милиони или 13 милиони и 400, не се сеќавам точно, од тие средства. На кратко зборуваше и колегата Најдовски пред мене за тоа.

Ние одобривте овде средства за набавка на мазут. Тој мазут беше преработен во елекрична енергија што беше наплатена. Каде се средствата од наплатата на таа електрична енергија? Не одобривме овде да отидат во празно тие средства од Буџетот, не одобривме овде да се дадат  бесповратна за да се консолидира и тогаш МЕПСО. Веројатно знаејќи дека тогаш се понуди пред поарламентот контроверзна дефиниција на одобрените средства, со која треба малку да се позанимаваат и други институции, за што Парламентот одобрил средства и каде се сега тие средства.

Овој пат, пред нас имаме формулација малце поинаква, односно дека ќе бидат искористени за финансиска консолидација на енергетскиот сектор во Република Македонија. Овие средства, повторно ќе бидат искористени за исти цели. Овие средства повторно ќе бидат искористени за директорските тимови од ЕЛЕМ и МЕПСО за да трошат народни пари за свои лични потреби или на нив блиски.

Се сеќавате сите добро за 500 иљади евра што беа потрошени од страна на генералниот директор на ЕЛЕМ господинот Владо Чингорски за спонзорство и реклами. Тоа беше една капка од оние 13 милиони и 400 евра што ние им ги дадовме и тие дел од тие средства се потрошиле за спонзорства и реклами, според кажувањата на Надзорниот одбор што, да потсетам, е строго партиски. Што се случува таму, всушност и не знаевме, да не беше тоа кажување од нивниот Надзорен одбор. А да потсетам, на сличен начин работеше и Електростопанство на Македонија и во текот на 1998-2002 година, посебно во текот на директорувањето на Ламбе Арнаудов. И тогаш, Електростопанство, од ден на ден запаѓаше во поголеми и поголеми долгови.

Ако ги погледнете одлуките на тогашниот Управен одбор на тоа Електростопанство, ќе видите дека постојано прва точка е Одлука за задолжување со кредит во некоја банка, бидејќи фирмата земаше кредит да исплаќа плати на вработените. Нешто слично како што се случува сега. Деновиве сме сведоци на сведочењето на Ламбе Арнаудов зза кредит земан од Експорт Инпорт банка на Смисленски за плата во Електростопанство на Македонија од 6 милиони долари, не знам точно која беше вредноста. А, понатамошните точки на Одлуките на тогашниот Упрвен одбор, 15-тина беа одобрувани од жиро сметката на претпријатието на средства за повторно спонзорства и реклами. Следуваат средства на леккување на партиски војници од ВМРО ДПМНЕ и останатите, следуваат средства за купување на станови повтроно на слични луѓе, па следуваат средства за спортски клубови. При тоа најголеми беа средствата на ФК “Беласица” и останати спортски клубови, па следуваат средства на верски објекти итн.

Нешто слично, убедена сум и деновиве се случув во остатоците од Електростопанство на Македонија, односно во акционерските друштва во државна сопственост ЕЛЕМ и МЕПСО. Нивното меѓусебно обвинување за криминали на дирkторите и од друга страна нашето одобрување на средства од Буџететот од Џебот на Македонските граѓани, од даночните обврзници во огромните висини, 13 милиони евра, е непримерно од страна на Владата на Република Македонија и од вас господине министре, како предлагач на овој ребаланс.

Мислев дека во образложението ќе дадете повеќе аргументи зошто би се потрошиле овие средства, меѓутоа, самата една реченица што ја искажавте ме уверува дека моите претпоставки се точни. Ме уверува дека всушност ова ќе бидат средства од џебот на граѓаните за нечисти потреби.

Во документите, односно во материјалот што сте ни го дале, ребаланс на Буџетот, зборувате дека во Република Македонија на економски план ќе се потребни средства односно ќе вложите во доведување на странски инвестиици, поточно за зголемување на Програмата за развој на странски инвестиции. За какви странски инвестиции можеме да зборуваме во државата кога луѓетол не знаат на што ќе бидат. Кога тарифниот систем, односно цените на електричната енергија и начинот на нивната распределба се голема непознаница. Тоа е обратно пропорционално, со можноста и желбата за инвестирање во држава кака што е Република Македонија. Секојдневно може да се прочита во весниците дека од почетокот на 2008 година ќе имаме либерализација на цените на електричната енергија, па нема да имаме либерализација. Ќе имаме 100% покачување на цената кај индустриските објекти и 30% покачување кај домаќинствата, па нема да имаме никакво покачување. Па, ќе бидат индустриските објекти, почнувајќи од најмалите дуќанчиња до најголемите пуштени да ја набавуваат струјата од берзата на струја, а додека македонската сруја, произведена во електраните во Македонија ќе сме ја продавале на таа берза, на Грција и на слични, а нашите стопанственици, ќе купувале од слободниот паззар по многу повисоки цени.

Не. на тој начин не можеме да привлечеме странски инвестиции. Колку и да имате желба, реална и искрена, овој чекор, ви е многу, многу погрешен. Всушност можевме да го слушнеме и пред неколку вечери менаџерот на Мајкл соф во Европа кој отворено кажа дека најдобар начин да ги привлечете странските инвестиции во државата е да ги почитувате оние кои веќе ви се дома.

За странскиот инвеститор не е најважен најефтиниот пазар на трудот кој го имаме во Република Македонија, не се најважните и најмалите такси кон кои се стреми Владата, туку политичката стабилност која за жал деновиве ја нарушивме во голема мера, помалку корупција и транспарентност.

Околу странските инвестиции и околу политичката стабилност, впрочем се изјаснија и на трибина дел од македонските стопанственици. Всушност кажано е дека политичките пресмети во Парламентот се одразија и на берзата. Инвеститорите обично се воздржуваат од вложување кога политичката сцена се разнишува. А кај нас не да е разнишана него тотално се разнишува. Кажано е дека секаква нестабилнсот во државата раѓа некаква недоверба во нашите добавувачи, и веднаш се променуваат условите за работење, ако се имало одложено плаќање на 30 дена, заради такви не сигурности ќе побараат да платиш авансно, дури некои пореномирани компании нема да сакаат воопшто да соработуваат со земја која што не е стабилна.

Значи политичката нестабилност им прави проблем и на веќе постоечките стопански субјекти. И наместо Парламентот да биде институција која ќе дава поддршка, се претвори во место за лични пресметки на определени поединци и тоа на многу недоличен начин. Таквата слика веднаш се рефлектира во сите извештаи од меѓународните организации. Знаеме дека како држава во транзиција сме држава што не следат. И се заради не навременото

интервенирање на претседателот на овој Парламент. Заради неговите обиди да го имитираат Копола, режисерот и “Апокалипса” и “Сатисвекшн”, добро се сеќаваме сите на таа сцена, направи целата држава да биде политички нестабилна. Какво Хазарвердство каква иронија. Сега овде можеме да зборуваме до утре, меѓутоа, од странски инвестиции, веројатно ќе почекаме малку повеќе и ќе почекаме малку повеќе да дојдат.

Да напрвиме обиди да ги зачуваме постојните стопански субјкети, да направиме обиди постојните странски инвестиции да останат во државата. Тоа би било добро.

Што би сакала накратко да кажам и за 22 милиони евра, кои треба на да се вратат на купувачот на ЕСМ Дистрибуција на австриската фирма ЕВН.

Како член на Комисијата за економски прашања, побаравме од претставникот, од Министерството за економија да достави точна информација за што се работи, кои се тие средства, зошто се враќаат. Меѓутоа, не само што не добивме никаков извештај, не само што не го добивме договорот кој го баравме на оваа Комисија, туку и покрај нивното ветување дека до седницата во понеделник ќе ни обезбедат кои се тие средства и зошто се, немаме ништо добиено.

Јас лично, како поранешен вработен во ЕСМ Дистрибуција, се потрудив да соберам информации за какви средства се работи, немајќи официјални информации од надлежните структури на Владата.

Приватизацијата во ЕСМ, ЕВН е извршена во текот на 2006 година и притоа, во договорот стоело, договорот кој бил спремен од странскиот консултант Мајнел банка од Виена, од Австрија дека ако е вредноста на фирмата проценета за повеќе од 5%, 10% кои се тргнати на посебна сметка на Буџетот при продавањето на фирмата, ќе се вратат на купувачот. Со ревизијата од овластен странски ревизор, независна куќа извршена во текот на месеците на владеењето на оваа Влада, се покажало дека фирмата била преценета, поточно дека во ненаплатени побарувања биле влезени долговите ненаплатени во текот на 2000 година, долговите за потрошена електрична енергија од 2001-2002 година.

Значи, всушност, вредноста на фирмата ЕСМ Дистрибуција била помала за тие побарувања и согласно Договорот средствата уплатени при продажбата на друга жиро сметка, треба да се вратат на купувачот. Тоа се тие 22 милиони евра. Значи, тоа не се средства од буџетските корисници на Република Македонија, тоа не се средства од граѓаните на Република Македонија, тоа не се средства од даночните обврзници.

Би сакала на кратко, кога веќе ја имаме во Буџетот таа намена, односно, кога веќе се обезбедуваат средства за ЕСМ, ЕВН, фирма која беше приватизирана во текот на 2006 година, да направам мала споредба со сегашната приватизација на ТЕЦ Неготино. Се работи за две фирми во општествена сопственост кои поранешната Влада на СДСМ и сегашната Влада на ВМРО-ДПМНЕ ги приватизираат. Разликата меѓу двете приватизации е огромна. Всушност, тие 22 милиони евра кои треба да ги вратиме од Буџетот на Република Македонија да се алоцираат од една на друга сметка, се дел од средствата за преценетата вредност на ЕСМ, ЕВН, приватизација спроведена беспрекорно приватизација почната всушност со одлуката на Владата на Љубчо Георгиевски на 19.09.2000 година, Одлука за приватизација на Електростопанство на Македонија, па на 26 декември 2000 година е формирана Комисијата за спроведување на таа приватизација. Член на таа Комисија бил и господинот Владо Чинговски кој подоцна со “Гласот со светлината” даваше контраверзни изјави за делото кое всушност тој го почнал. На 1 март 2001, повторувам 2001 година, сеуште година кога Владата на Љубчо Георгиевски била на власт во Македонија е објавен меѓународен оглас за консултант, ова зборувам за приватизацијата на Електростопанство на Македонија, па на 22.11.2001 година од трите пристигнати понуди една американска, една британска избрана за консултант на приватизацијата да биде Конзорциумот Мајнел банка од Австрија со кој е направен договор. Врз база на тој договор од 2001 година е изршена приватизацијата на Електростопанство на Македонија на делот за дистрибуција. Во таа приватизација учествуваше и Европската банка за обнова и развој - ЕБР, учествуваше како посматрач и “Транспарентност Македонија”. И, двете институции потврдија дека приватизацијата е направена најтранспарентно. Ова го зборувам заради овие 22 милиони евра кои сега треба да се вратат на купувачот заради оцената на членот на Комисијата за економски прашања дека сме продавале државно благо на нетранспарентен начин. Државно благо на нетранспарентен начин е сегашната продажба на Термоцентралата Неготино. За приватизацијата на ЕСМ Дистрибуција всушност дека е извршена на најтранспарентен начин. По Одлука на Влада на Љубчо Георгиевски кој ја има спроведено, Владата на Социјал демократскиот сојуз потврдува. И писмото упатено на 22.03.2006 година од ЕБР - Европска банка за обнова и развој во која се вели: дел од писмото ќе ви прочитам: Драг министер Бесими, тогашен министер за економија. Ви благодариме за вашето писмо, со дата 22 март 2006 година со кое потврдувате дека тендерскиот процес за ЕСМ е успешно завршен со потпишување на договор за купување на акции со ЕВН. Ни причинува задоволство да слушнеме дека ЕВН, компанија со репутација од Австрија, го доби тендерот по доста поволна цена, 225 милиони евра и 96 милиони евра за инвестиции.

Ние сме цврсто убедени дека добриот резултат на тендерот е јасен индикатор за фер и објективен тендерски процес кој го спроведе

Владата на Македонија, под водство на меѓународни финансиски советници.

И на крајот, писмото завршува, на крај, но не и за последно, нам ќе ни биде задоволство да ја продолжиме соработката и со ЕВН за можно заедничко инвестирање, како подготвеност на банката за позајмување на инвестициониот програм во новото ЕСМ.

За разлика од тогашното писмо од Европската банка за обнова и развој, во сегашниот обид за приватизација на ТЕЦ Неготино, фирма која криминално, по криминална тендерска постапка, за сега, не е сеуште потпишан договор, но е продадена на Конзорциумот Хач, истата оваа институција, многу ценетата банка за обнова и развој и американскиот Стејд департмент имаат указ дека се работи за недобро водена постапка и за нерегуларна приватизација.

Секоја вечер на телевизиските екрани можеме да видиме други фалби од нашата Влада, за регуларност и транспарентност, додека од надвор не ценат малку поинаку. Колку и да се обидувате на црното бело да кажувате, црното е црно, а белото е бело. Впрочем, и во оваа приватизација на ТЕЦ Неготино во која главниот купувач не ни знае дека купил нешто кое се продава под матни околности, нетранспарентно на позната бугарска фирма Тајн Ненсејл инженеринг, која има вработено само тројца членови, татко, мајка и син, правдајте се вие и кажувајте на нашиот народ како народното благо го продавате и на кого го продавате и како натаму ќе продолжи да работи таа фирма. Всушност, и самиот процес на оваа приватизација и самото пролонгирање на постапката по барање на фамозниот Генадиј Табаков од Владата, еднаш, па два пати, па три пати, дајте ми уште малку време за едно, па за уште едно е надвор од сите закони и меѓународни правила. Останува неделава или наредната недела да видиме што ќе одлучи дефинитивно Владата, дали ќе продолжи во таа слика на коруптивно продавање на ТЕЦ Неготино за сметка на фалбите дека имало нулта толеранција за корупцијата. Како нулта толеранција, кој може да биде друг мотив за нетранспарентна продажба. Кажете вие ако знаете.

Би сакала да кажам нешто и за средствата кои се даваат за зголемување на платите буџетските корисници и на јавната државна администрација и останатите. Нормално дека секое зголемување на платите сите го поддржуваме априори. Меѓутоа, се надевам дека ќе имате сенс за обезбедување на средства за пензионирање на текстилните работници на градежните работници, на вработените во кожарската индустрија по стариот закон за пензионирање, односно, се надевам дека ќе имате чувство дека не можат на машина да шијат жени од 60 години со ослабнат вид, а ќе треба до 62 години со 44-45 години работен стаж да работат кај приватните стопанственици како би го оствариле правото за пензија или пак ќе ги оставиме последните 3-4 години од работниот век без егзистенција да чекаат да имаат пауза во работниот стаж да имаат вакум период, додека не ги исполнат условите за пензионирање.

Се надевам дека од Буџетот за 2008 година ќе имате чувство да обезбедите средства за оваа група на физички работници. Впрочем, и секое мое излегување низ Штип и средба со овие луѓе се истите барања и истите разумни и логични образложенија од нивна страна, дека лесно е на луѓето кои работат во канцеларија, луѓето кои работат на компјутери или со пенкало да работат до 62 години. Меѓутоа, физичките работници, обичните работници, навистина, не можат до 62 години жени и 64 години мажи да издржат. Се надевам дека ќе обезбедите средства од Буџетот на Република Македонија за оваа категорија граѓани за нивно пензионирање, дека ќе имате смисол за закон за пензионирање на овие групи на граѓани.

Исто така, каде се средствата за стечајните работници, на кои парламентарното мнозинство, посебно еден дел од ова парламентарно мнозинство пред изборите им ветуваше дека веднаш штом дојдеме на власт ќе обезбедиме средства за нив. Луѓето се веќе шест месеци во Паркот на Жена борец, меѓутоа, никој за нив повеќе ниту мари, ниту ги гледа. Стечајците кои беа едни од главните ваши орудија за симнувањето на власта на СДСМ, кои беа во првите борбени редови пролетта 2006 година, сега ги заборавивте. Да, вие можете да ги заборавите, меѓутоа, тие нема да ве заборават вас, за тоа бидете убедени. Она што им го ветувавте треба и да го исполните. Тие гласаа за вас и треба да им обезбедите средства на стечајните работници согласно Закон.

Би сакала на крајот да спомнам и за економските резултати, за кои велите дека се најдобри од периодот на 16-17 години транзиција во Република Македонија. Економски резултати за кои вие кажувате дека се така, а кои нашиот народ не ги гледа или не ги чувствува. Всушност, и анкетата од страна на Националниот институт за демократија го кажува истото. Ако велите дека економската состојба е многу подобрена, луѓето во анкетата на прашањето дали економската состојба е подобрена или влошена, се изјасниле дека е подобрена 289 од нив. Дека е непроменета 393, а дека е влошена дури 406.

Значи, поголем дел од граѓаните, 36,5% визави 26% кои тврдат дека е подобрена се изјасниле дека економската состојба е влошена. Она што вие го тврдите, веројатно народот не го чувствува. Дали е политичката состојба подобрена, на тоа прашање, анкетата е правена пред ова ново нарушување на политичката безбедност во државата, пред инцидентите и срамот кој што се случи во ова Собрание. Тогаш, се изјасниле само 201 дека е подобрена, 297 од граѓаните дека е непроменета и дури 479 граѓани дека е влошена, односно 43,1% од анкетираните кажале дека е влошена, а 18,1 дека е подобрена. Ако ги прашате денес, убедена сум дека бројот

на одговори со влошена, ќе биде мултиплициран, а бројот со подобрена ќе биде веројатно, нула. Секојдневно граѓаните стрепат за својата безбедност и сигурност.

Уште би сакала да прочитам од оваа анкета уште еден одговор, за стандардот на вашето семејство, дали е подобар или е полош. Дека е подобар, се изјасниле 187 од анкетираните, без промена 534, а полош дури 378.

Со зголемувањето од 10% на платите на само 120 илјади од вкупно вработените, односно ако во Република Македонија 580 илјади работат, еден мал дел од нив, една петина се вработени, кои примаат плата од Буџетот, односно се вработени во јавната и државната администрација.

Веројатно кај овие 120 илјади ќе биде подобрен семејниот стандард. Меѓутоа, кај останатите со секојдневните покачувања на основните прехранбени артикли, со зголемвуањето на потрошувачката кошница повеќе од два пати, сигурно одговорот ќе биде негативен. Според тоа, не ми е јасно за каков напредок и економски резултати зборувате овде, а кои народот не ги чувствува. Би сакала да напоменам уште нешто. Во ребалансот на Буџетот за 2008 година кој е доставен во септември 2007 токму поради сиромаштијата која владее меѓу нашите граѓани бараме да се одобрат средства за обезбедување на намалување на енергетската сиромаштија. Впрочем, и пратеничката група на СДСМ достави Закон до овој Паралмент за обезбедување на средства за намалување на енергетската сиромаштија. Најсиромашните, најбедните слоеви од граѓаните, семејствата кои се приматели на социјална помош и уште некои други семејства категоризирани во неколку групи, семејства кај кои нема ниту еден вработен, семејство кое живее од пензија со 5 илјади денари и т.н., предвидено е државата од Буџетот на Република Македонија да им ја плаќа електричната енергија, им ја плаќа сметката за потрошената струја во вредност од 300 кв. часови. Ова е некоја средна вредност при потрошувачка на основните животни потреби при потрошувачка на струја за осветлување, за готвење и за топла вода. Ова не се киловат часови, односно не е вредност на струја за греење. Бараме Владата од Буџетот на Република Македонија да обезбеди средства за подмирување на оваа потреба во наредните 3 месеци. Со амандман реагиравме Парламентот да ги изгласа овие потребни средства се со цел најсиромашните групи на граѓани од Република Македонија да им се субвенционира на нив, а не на МЕПСО, да се субвенционира сиромаштијата во Република Македонија, а не најбогатите фирми кои милиони евра катадневно префрлаат од едно конто на друго конто.

Уште нешто господине министер. Во досегашните акции кои реално ги поздравувам од страна на УЈП се затвораат кафулиња заради неиздавање на фискални сметки и за една кисела вода и за 40 денари, односно оштетување на Буџетот за ДДВ затајување за 0,7 денари. Каде се оштетувањата на Буџетот од неплатени царини и даноци при увоз на половни возила во Македонија и колкаво е тоа оштетување на Буџетот. Имате ли било каква евиденција колку возила, колку коли во Македонија се возат со бугарски регистарски таблички, наместо да се платат царина и даноци со илјадници евра вие дозволувате да се возат возила по улиците на Република Македонија. Сведоци сме масовно за оваа појава во изминатите месеци нашите граѓани возат возила со бугарски регистарски таблички. Бугарски регистарски таблички може да добие колку што јас знам граѓанин на Република Македонија кој има прво, бугарски пасош, второ бугарска лична карта и трето да има основано фирма во Бугарија. Дали намерно нашата Влада замижува пред овој проблем, дали свесно се врши асимилација на македонските граѓани во Бугари со давање на парични повластици. Нешто слично се случуваше и во ткеот на 1998 - 2002 година, тие 4 години. Деновиве сведоци сме на слични појави. Дали ова не го имате во предвид, или се работи за нешто друго. Значи, колкави се загубите на Буџетот од овие приливи?

На крај би сакала да ги кажам цифрите, бројките за работата на Електрани на Македонија во периодот од изминатите 10-тина години. Со тоа би завршила. Меѓутоа, овие бројки ќе кажат се на луѓето кои ја следат оваа област. Производството на електрична енергија, тоа се всушност средства, тоа се всушност пари кои би ги потрошиле од Буџетот ако не се произведат тие киловат часови електрична енергија. Во текот на 2003, 2004, 2005, 2006 година се движеле од 6.276 гегават часови и 6.211, 6.476, 6,350. Сите овие 4 години над 6.000 гегават час.

Наспроти ова во 2000 година биле произведени 5.974 гегават час, во 2001 година 5.746 гегават час, во 2002 година 5.469, најмалку биле произведени. Според електроенергетскиот биланс за 2007 година предвидено е да се произведат пак под 6000 гегават час. Предвидено е Електрани на Македонија да произведат 5.715 гегават час. И сите капацитети, да напоменам дека хидро изворите, односно хидроелектричните централи придонесуваат многу, многу малку во овој електроенергетски биланс каде во електроенергетскиот биланс најголем дел од произведената електрична енергија ја прави РЕК Битола, потоа РЕК Осломеј, помалку РЕК Неготино, а сосема малку хидроцентралите. Значи, повторно се предвидува да се произведе малку електрична енеергија како би се зголемилувозот на електрична енергија, или она што вие го викате да обезбедиме пари од Буџетот за финансиска консолидација на енергетскиот сектор во Република Македонија.

Јас апелирам до Владата да ја повлече оваа ставка од средства. Во Буџетот да останат само четирите интервенции како не би го ставале парламентарното мнозинство да гласаат нешто што не е во ред, најблаго кажано, не сакам да употребувам потешки зборови. Впрочем дека ова

е така зборуваат и вашите предвидени средства во разделот на ребалансот на Буџетот 1001 за Министерство за економија каде за развој на енергетиката наместо предвидените 61685 денари предвидувате намалувања од 59275 денари. Впрочем, само тоа намалување кажува дека повеќе во енергетиката нема да биде потребна стручност, туку ќе играат некои други аршини и некои други сметки.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Пред да продолжиме со расправата, објавувам пет минути пауза.

(Пауза од 16,30 часот)

(По паузата седницата продлжи во 16,41 часот)

Продолжуваме со работа.

Има збор пратеникот Ацо Киров, повелете.

**Ацо Киров:** Почитувани колеги пратеници, почитуван министре,

Јас исто така би сакал да дадам свое видување на овој ребаланс, втор пат оваа година. Би почнал од Буџетот кој што го донесувавме во 2007 година, и тогаш зборував и сега сум на мислење дека овие 6% што беа предвидени за бруто домашниот производ, односно негово зголемување дека е преамбициозен и сеуште стојам на тој став.

Во првиот квартал Владата излезе со еден процент, излезе со 7% дека имаме зголемување на бруто домашниот произод, а во последно време имаме најави односно признавање од самата Влада дека овој процент од 7% почнува да се губи, односно да се намалува. Не знам дали тое е фактичка состојба, вистинска состојба или тоа е после најавите од меѓународните фактори, односно не знам точно дали од ММФ или од некои други институции од странство кои кажаа дека реално во Македонија процентото би бил 4 - 4.5% зголемување на брото домашниот производ. Сепак, ќе почекаме уште три, четири месци и ќе видиме на крајот на годината кој процент ќе биде, дали ќе бидат 6% како што планираше Владата, дали ќе бидат 7% како што тргна во првиот квартал или ќе биде нешто подолу, а според мене и според други експерти кои повеќе ја разбираат оваа сфера, реално би требало да биде 4 - 4,5%.

Јас нема да зборувам конкретно по ставки и нема да користам бројки, туку ќе се осврнам општо на образложенијата кои ги има дадено Министерството односно Владата за приходите, за расходите, кои фактори влијаат на зголемување на приходите, кои фактори се повеќе употребени во расходите, односно имаат влијание на расходната ставка.

На почетокот на образложениeто, а тоа денес го кажа и министерот, е кажано дека имам доста ниска и стабилна инфлација од 1,1%. Тука е напомнато дека тоа е поради непокачувањето на цената на електричната енергија или пониските цени на нафтените деривати, непокачувањето на парното греење и тука со овие три сегменти би се согласил, но за четвртиот кој што го има дадено Владата односно Министерството за финансии, непроменета цена на тутунските производи, би го кажал следното. Сепак, според мене колкав е овој процент, не знам, можеби има многу мало влијание на овие 1,1%, но сепак мислам дека овде тоа е вештачки создадено од причини што цената на тутунските производи не е зголемена. Имено, како што знаеме, во секоја кутија цигари сега имаме 19 цигари наместо 20. Тоа е едно вештачко одржување на цената на тутунските производи, односно на цигарите. Можеби нема да биде кој знае колку голем процент на инфлација, но сепак имаше некое мало влијание ако беше нормално, а не вештачки создадено, односно да има 19 цигари во една кутија, а како што знаеме цената на кутија цигари е под 50 денари. Оние цигари што се трошат во Македонија се Партнер, Родео и Бос, а тие се 50, 60, 65 денари, значи некаде 3 денари по кутија. Покрај оние три денари кои што ги имаме со Законот за тутун, еве, и три денари пак од една кутија цигари. Или ако во сума, според мое слободно убедување или мој прорачун, некаде би излегло дека ако имаме покачување односно ако немаме намалување на цигарите во една кутија некаде околу 4 милиони денари на годишно ниво или овие први 6 месеци би имало некаде би се појавила цифра околу 2-3 милиони евра.

Понатаму, би сакал да кажам нешто и околу вработеноста и невработеноста, проценти кои ги имаме добиено од Министерството. Невработеноста пресметана со анкета на работната сила изнесува некаде 35,9 или намалување за 0,3%. А според Агенцијата за вработување имаме намалување на невработеноста за 1,7%. Сега дали е тоа исто, јас би кажал реално или нереално, дали вештачки или невештачки, некогаш и вештачкото може да биде стварно. Зошто го зборувам тоа? Еве, пред да кажам зошто мислам така, би кажал според мене едно реално намалување на вработувањето според потребите на пазарот би било некаде околу 1%. Зошто го кажувам тоа? Тоа го кажувам бидејќи и министерот Трајко Славески знае дека во оваа 2007 година имаме доста вработувања на 6, 8, месеци, а мислам повеќе беа на половина година, односно на 6 месеци преку единиците на локалната самоуправа кои што беа финансирани од Агенцијата за вработување и овде имаме, сега не знам која е бројката во Република Македонија, но сепак нема општина во Македонија каде што имаме под 8 до 10 вработувања. Зборувам за една мала општина, а оние поголемите верувам имаат и по 15-20 вработувања. Тоа е едниот фактор кој што има влијание на оваа бројка, која според мене реков дека реално би бил 1%, а според податоците што ги имаме од Министерството 1,7%. И тоа што има влијание на овој процент секако, почитуван министре е иако дека имам сознание дека сте доста шкрт во издавање решенија за вработување, сепак поради партиските притисоци мора нешто да дадете и имаме доста партиски вработувања кои

што имаат влијание на овој процент. Значи, околу вработеноста и невработеноста, според мене некаде реалната цифра би била 1 најмногу 1,2%, а не 1,7% според потребите на пазарот.

Понатаму, би се осврнал на приходите кои што ги имате дадено и нон стоп преку телевизија и весници се кажува дека се големи и пред се се базираат на ДДВ, на данокот на добивка, имате тука спомнато надомест од царината, од надоместоците на цигарите, итн. Факт е, би го признал тоа и го признавам дека зголемувањето на данокот, прибирањето на даноците од ДДВ или и данок на добивка секако е во еден пораст. Кои се причините тоа вие најдобро го знаете и мислам дека причините се сепак еден построг режим околу даночните обврзници кои на еден начин се дисциплинираат и мораат да плаќаат даноци и да издаваат фискални сметки кои што на некој начин даваат покачување на собирање на овие даноци. Но, кога зборувам за овие прибирања на даноци, кога зборувам министре за оваа строга контрола која што ја имате во последните 7-8 месеци во дуќаните, бутици, фирми итн, сепак јас би ве замолил и би требало и вие да размислите дека треба покрај дисциплинирањето на постоечките фактори во Република Македонија за плаќање на данокот, за издавање на фискални сметки, да обрнете внимание на сивата економија која што ни доаѓа како од внатре, така и од надвор, особено во Источна Македонија имаме нелојална конкуренција или таканаречена сива економија од бугарските државјани кои што пласираат, продаваат роба во Република Македонија и плус од домашните каде што секој пазарен ден се префрлуваат од град во град и фактички се во подобра положба или бараат нелојална конкуренција во однос на оние кои што си ги плаќаат давачките или оние кои што ги гони државата да издаваат сметки и покрај сметките имаме покачување на даночните приходи на државата. Значи, тука да не се повторувам, почитуван минстре тука би требало да обрнете внимание и на оваа конкуренција која што е на еден начин нелојална во однос на тоа што немаат никакви давачки спрема државата, а овие треба да плаќаат 18%. Мислам дека повеќе од 18% од вкупниот промет, 18% треба да плаќаат на државата.

Понатаму, покрај овие даночни приходи кои како изворни приходи во државата се и социјалните придонеси, а придонесите за социјално осигурување ги имате дадено и тие се 59% според планирањето. Од персоналецот имаме приходи од АД Македонски телекомуникации, мислам околу 42 милиони евра, потоа од продажба на станови, градежно земјиште итн. Овде исто така би имал препорака до Министерството односно Владата - еве, и самите кажувате, а и ние тоа го знаеме дека еден дел од приходите кои ги прибира државата се и од градежното земјиште што го издава државата. Во последните две години градоначалниците во Република Македонија односон општинарите се борат за добивање на ова градежно земјиште, со кое тие би располагале, но сепак и покрај таа борба која што ја водат и со претходната и со сегашата Влада, тешко можат да најдат на разбирање ова градежно земјиште да се отстапи на општините, кои би го издавале и би доаѓале до поголеми приходи и до подобра општина, со развивање, со вложување во инфраструктура и други области. Покрај градежното земјиште, кое го бараат општините да го добијат, исто така и персоналецот ќе го добиваат општините е многу мал. Еднаш зборував овде дека тоа се мизерни 16 - 18 денари по вработен со најнизок личен доход кој што е во Република Македонија. Тоа се многу мали средства, не знам дали Владата има размислување во некој иден период тој процент на персоналецот да го зголеми за да добијат општините поголем процент за секој вработен кој потекнува од општината.

Како што знаеме, ова е втро ребаланс на Буџетот и според тоа што е дадено и што го знаеме тоа се прави поради покачување на платите на вработените во буџетските институции, поради исплатата на обврските од договорот за продажба на ЕСМ, средствата за финансиска консолидација на енергетскиот сектор и алокацијата на средствата на блок дотациите до единиците на локалната самоуправа. Не е спорно, кога Владата ќе донесе таква одлука за покачување на платите, тоа е за поздравување, но како што спомна еден претходен дискутант, само накратко и јас би обрнал внимание почитуван министер да се води сметка и за другите вработени во другите сектори, а не само за буџетските корисници затоа што знаеме дека и овие вработени - да не се повторувам со колегите што зборуваа пред тоа - од текстилната индустрија, кожарската индустрија, градежништвото итн, работат тешко и макотрпно, работа која не е платена во Република Македонија, па би било добро со некој законски акти и тука да имаме едно покачување на платите во Република Македонија.

Јас сум член на Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство и на крајот би сакал да нафрлам нешто за земјоделието. Со овој ребаланс немаме некои драстични измени на ставката од земјоделието, освен што има намалување за 300 илјади евра субвенции, но каде се префрлени парите и во која ставка не знам. Сепак, според оние пари што на почетокот со формирањето на Буџетот рековте дека ги имаме и ќе бидат околу 20 милиони евра, 300 илјади евра не се многу пари кои сега се префрлени на друга ставка. Би сакал да кажам и еве тоа и вам да ви го кажам почитуван министер, но и за јавноста, подобро да знаете, без разлика како ќе реагира некој дека овие 21 милион евра кои се во сферата на земјоделието можеби звучат многу кога ќе се каже 20 милиони евра дава оваа Влада во сферата на земјоделието. Често колегите од парламентарното мнозинство сакаат да кажат на оваа говорница дека претходната Влада

доделувала 6 до 7 милиони евра во земјоделието. Само да знаат оние кои не знаат и за јавноста дека 9 до 10 милиони евра имаме од претходната година, со кои средства никогаш претходната Влада нема располагано, односно тоа се средствата од цигарите, односно 3 денари по кутија кои ги плаќаат потрошувачите односно пушачите во Република Македонија. Значи тие се некаде околу 9 милиони евра и овие 6 - 7 што ги издвоила претходната Влада, 15 до 16, значи имате повеќе пари во земјоделието, но не се, како што некој милува да каже, 16 - 17 милиони повеќе, туку 6 до 7 милиони евра во однос на претходната Влада, затоа што како што кажав на почетокот овие средства од 8 до 10 милиони евра кои се собираат од цигарите, а овој закон беше донесен минатата година во април месец и претходната Влада не располагаше со овие средства, туку овие средства почнаа да се собираат од април минатата година.

Исто така, би сакал да нафрлам во секторот земјоделие и од оваа говорница да изразам една благодарност, бидејќи јас сум член на Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство до сите пратеници, иако многу од вас милуваат да кажат дека СДСМ е кочничар, но сепак, од сферата на земјоделието со знакот на ЕУ имаме донесено повеќе од 25, закони во претходните 11 месеци. Тоа не е мала бројка, секогаш сме гласале сите едногласно во оваа сала и затоа кога требало нешто да се каже, нешто да се промени, нешто да се продискутира околу овие закони, тука сме биле, сме дискутирале, сме се расправале, но на крајот сме гласале за овие закони кои значат нешто за Македонија за побрза интеграција во Европската унија.

Почитувани колеги, не би сакал повеќе да ви одземам време. Многу пати сме зборувале овде во оваа сала кога бил Буџетот, кога имаме некои закони за локалната самоуправа, предлог закони во сферата на локалната самоуправа сме зборувале за оној процент кој во моментот им следува на општините, 3% од ДДВ и една од многуте препораки до Владата на Република Македонија до Министерството за финансии е сепак во некој иден период исто така да се обрне внимание на ДДВ, овие 3% да се покачат некаде најмалку на 4%, минимум 4,5%, кои би ги имале општините по вработен, бидејќи многу општини во Република Македонија тешко функционираат, владее беспарица и општините и градоначалниците како градоначалници не можат многу да покажат, односно да придонесат за општината затоа што располагаат со мали средства.

Во мојата дискусија кажав, една работа е ДДВ да се зголеми од 3% на 4,5%, градежното земјиште да почне барем да се размислува да се отстапи на општините и персоналецот да биде нешто поголем. Сега не знам со кој процент е, но во сума на пари би кажал некаде 16 до 18 денари по еден вработен со минимален личен доход.

Исто така, да кажам дека општините имаат забелешка на овој Ребаланс што во образованието 18% има помалку средства отколку во претходната година. Зошто се овие средства? Зборувам во просек, можеби некои имаат добиено исто како минатата година, некои имаат 25% помалку, некои 10%, некои можеби плус добиле и така е дојдено до некој процент од 18% дека на ниво на Република Македонија општините имаат за образованието добиено помалку средства од претходната година.

Почитуван министер, на крајот не мора сега да ми одговорите, но ме интересира, кога го читав ребалансот и денес во вашата дискусија односно вашето обраќање, имате ставка односно средства, ако не се лажам поправете ме, за обезбедување средства за исплата на штети од елементарни непогоди утврдени дури и со Закон. Во ребалансот мислам дека има плус нешто, односно овие средства се во една ставка и ако не се лажам се работи за 120 - 130 милиони денари или некаде околу или повеќе од 2 милиони евра.

Како што кажав, не мора сега, но во некое следно ваше јавување да ми одговорите и чисто ме интересира колку точно средства, бидејќи таму имате еден куп од овие средства, колку од овие средства се за оваа елементарна непогода. Мислам дека се работи за прилепско, Кривогаштани и неколку околни села кои беа зафатени од невремето.

И на крајот почитуван министре, за овие елементарни непогоди кои што ги снајде неколку села, подрачја во Република Македонија меѓу кои беше и струмичкиот крај, еве сега и прилепскиот крај, имавте доблест да оддделете средства за Струмица, еве сега за Кривогаштани и на околијата односно овие села кои гравитираат околу прилепско, но сепак мислам дека јас како член на Комисијата имам добиено елаборат и за други населени места во Република Македонија кои што исто така ги има, мислам елаборатот е изработен точно, составена е Комисија за елементарна непогода, пред се и еве ќе ја искористам овде говорницата да ви кажам можеби нема, а би требало да има до Министерството за финансии, затоа што овие елаборати се праќаат овде до Комисијата за земјоделие, до Владата на Република Македонија до Минситерството за финансии, се работи за едно големо невреме, можеби не од такви размери како што беше во прилепско, се работи за село Сушица во струмичкиот регион, исклучиво тутунарство, село, луѓе кои се занимаваат само со тутун, и поради ова невреме и поради сушта особено пред се, поголемо имше влијание невремето, отколку сушата, родот на овогодишната реколта на тутун е намалена некаде за два пати.

И затоа, кога имате такви, барања, кога имате елаборат доставено треба да ги третирате граѓаните на Република Македонија сите под еднакво, а не некои да ги делите на некои дека се оштетени, а некои не се оштетени. Значи, и овие од струмичкиот регион од село Сушица се граѓани на Република Македонија и овие од Прилеп и овие од Струмица, а мислам дека

имаше и од Дојран доставено елаборат. Но за Дојран не сум сигурен дали беше доставен елаборатот во рок од 60 дена. Мислам дека доцнат неколку денови. Но, за она друго село се сеќавам дека точно беше доставено во рок.

Тоа е моето видување околу овој ребаланс и тоа што сакав од оваа говорница да ви го пренесам. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам колега.

Има збор пратеник господин Герамитчиоски Тале, повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Почитуван потпретседателе, почитуван министер, почитувани колеги,

Дозволете ми на почетокот да го искажам своето изненадување и по малку разочарување за амбиентот во кој што дискутираме за волку важна точка, како собраниски дом, како тело каде што треба да се водат главните политички борби околу вакви точки.

Ако носењето на Буџетот е една од приоритетните задачи, за собранискиот дом, ако ребаланс на Буџетот претставува показател за успешност или неуспешност на одредени институции кои го регулираат Буџетот, тогаш ако се јави потреба за втор ребаланс на Буџетот, како што се јави во овој случај, тоа е сигнал дека нешто крупно се случило во државата, а нас не не интересира. Зборувам и за позиција и за опозиција. Впрочем, тоа е мојот впечаток. Но, очигледно е нашите приоритети во активирањето на парламентарниот живот различно го видуваме.

Почитуван минситер,

Без да имам некои претензии да ја злоупотребувам говорницата, би сакал во неколку наврати, доколу имате можност да бидете сконцентирани, затоа што сте изморени, верувам, вие цело време овде моравте да бидете присутен и да не сослушувате, би сакал да ви поставам неколку прашања без некој оптимизам дека ќе добијам одговор на тие прашања, пред се не само како министер, туку и од човек, експерт кој научно се занимава со оваа проблематика: Дали сте вие задоволни од структурата на Буџетот на Република Македонија? Не само во ваше време, туку и години наназад од самостојност на Република Македонија. Јас верувам, неколку пати, кога сте имале можност да разговарате со меѓународните финансиски институции, за структурата на Буџетот, сте климале со глава и сте изразувале согласување со нивните констатации дека процесот на развојната компонента во нашата структура на Буџетот е премал, дека треба да се стори нешто на тој план.

Па затоа, ве прашувам вака, дали не чувствувате некој предизвик во овие моменти кога секоја Влада и секој министер би искажувал голем степен на задоволство заради приливите на средства, поголеми од проектираните и да се добие таква можност да се зголеми развојната компонента, да се остане со капитални инвестиции, на 10%-12% од вкупниот Буџет. Дали е тоа исправна политика на една држава, на една Влада, во макроекономската, во микроекономската, во финансиските токови на долгорочни патишта?

Ова не го зборувам паушално. Верувам дека тоа добро го знаете. Како пример ќе ви посочам неколку дела за кои што имав можност на Комисијата за транспорт и врски да поставам како прашања до почитуваниот претставник од страна на Министерството. Што се случи за 2-3 месеци да Министерството за финансии, односно Владата мораше да направи интервенции во некоку капитални зафати за кои што беа предвидени средства, особено во сферата на екологијата и транспортот и врските?

Зошто за санација на свлечишта се намалува сумате за цели 20 милиони? Зошто за жешки еколошки точки се намалува сумата за цели 2 милиони? Зошто за изградба и реконструкција на пречистителни станици за цели 10 милиони? И да не ни одговорите јас го знам одговорот. Погрешно ги проектирале своите можности овие институции или искажуваат висок степен на неспособност, на реализација на зацртаната динамика на остварување на овие проекти. Вие, како Министерство за финансии, знаете дека до крајот на фискалната година не ќе можат да ги потрошат овие средства, нормално е дека треба да се пренасочат, да се пренаменат за други цели.

Значи, кога со овој ребаланс на Буџетот искажувате задоволство од работа на Управата за јавни приходи или Министерството за финансии кои успеале да покажат позитивни резултати во остварувањето на фискалната политика, тогаш не можете да ги затскриете неспособностите на одредени министерства што не можат да ги реализираат зацртаните капитални инвестиции. Ова е чист доказ дека тоа се случува. Не можете да ме убедите дека тоа не е така.

Понатаму, во неколку наврати би посочил дека секоја сериозна држава, како што впрочем сметам дека е и Република Македонија, што настојува да привлече странски инвестиици, мора да вложува во инфраструктурата. Во патната и железничката инфраструктура. Ако некогаш компаративно бевме подобри во однос на соседите во однос на патната инфраструктура, сега мислам дека во регионот сме на самото дно. Свесни сте и самите, не гледаме некој позитивен исчекор. Секој ден патуваме на оваа позната делница на автопатот што е во поприлично руинирана состојба и многу брзо ке дискутираме за можностите за реализација на други интервенции на таа патна мрежа.

Но, постојат некоку црни точки во делот на патната мрежа каде што нема поместување ниту планови што ќе се прави во тој дел. Мислам дека е тоа погрешна политика. Покажувате позитивни

исчекори, прибирате средства, а не се вложува во капитални инвестиции, развојна компонента.

Јас знам дека постојат Владини програми во делот на Автопатот Е-75, но постојат магистрални патишта кои се во очајна состојба. Тоа е патниот правец Ресен - Охрид, во кој што е потребно да се извршат сериозни интервенции за отстранување а можностите за несреќи, заради несреќно долгогодишно тресирање на таа патна мрежа или неколку други точки, но, тоа не е битно.

За железницата, имаме потполн застој во тој дел. Уште повеќе, имаме можност, имаме законска обврска за трансформирање на Јавното претпријатие, за реформирање, поделба на две претпријатија, на инфраструктура и на транспорт. Иако имаме законска обврска, мислам дека работите тапкаат во место. Во тој дел не видовме позитивен исчекор за овие финансиски средства што ги имате собрано, да се направи одредено поместување во тој дел.

Една интервенција за која што морам да искажам одредена резерва, ја разбрав кулуарски, ја проверив, но не можеме да ја прочитаме во ребалансот на Буџетот.

Проструи вест дека МРТВ ќе добие 140 милиони денари од средствата Функција на државата. Моето прашање е следно, дали мислите дека водите исправна политика во тој дел како Владата? Од јануари наваму МРТВ е во потешка агонија, бидејќи не се ни трудат да воспостават систем на наплата или прибирање средства од радиодифузна такса.

Ако мислите како држава да интервенирате постојано на овој начин, тоа е погрешна и погубна политика, без да се зафатат покоренити промени во тој дел. Ако е точен податокот, тогаш прашувам, обврзан сум да прашам од други три институции, согласно Законот за радиодифузија, ако одвоите средства од 140 милиони денари со амандман, што е непсоорно право на Владата, во тој дел, но јас тоа не можам да го прочитам од Буџетот, тоа го прашав и го добив како одговор, бидејќи тоа како ваше право, како Влада, можете да интервенирате. Дали трите институционални форми што ги користат овие средства со Законот ќе ги добијат или само Македонската телевизија? Дали 9,5% ќе добије Предаватели и врски, дали 75-76% ќе добие Македонска телевизија и 4,5% Советот за радиодифузија, бидејќи според Законот така треба да биде? Доколку како Влада не водите сметка за овие други две институции, тогаш тие ќе бидат во многу тешка положба.

Имено, Советот за радиодифузија живурка на средства што ги има орочено претходните години и работат домаќински. Владата врши скриен, латентен притисок, бидејќи не е задоволна од составот и настојува да направи некоја промена, за која што постоеше тенденција со измените и дополнувањата во Законот за радиодифузна дејност. Како Влада, треба да водите сметка дека станува збор за институција што по Закон треба да си ги добие средствата што и следуваат.

Ако направите преседант, тогаш, навистина јас ќе ја следам оваа ситуација и ќе отвориме силна дебата при ребалансот на Буџетот или завршната сметка на Ребалансот на Буџетот, конечниот, на крајот на годината. Би требало да се води сметка за сите институции. Затоа што Македонската телевизија што треба да им ги префрли тие средства не ги префрла иако ги добие.

Клучна точка, причината поради што се носи овој ребаланс на Буџетот е интервенција на платите кај јавната администрација. Знаете, малку е, за секој кој политички настапува, секогаш е во дилема зошто јас да си се замерам со оваа фела, со јавната админситрација и да отворам дебата дали треба или не треба платите да се зголемат.

Јас само ќе ви пренесам од голем број на луѓе различни мислења и дилеми кои се присутни. А јас, верувам, како економиста, како научник од сферата на економијата дека добро знаете во овој дел дека не е баш најсреќно избрано ова популистичко решение.

Постојат 4 категории на население. Вработени и тоа во административниот сектор или во нестопанството и во стопанските дејности. Постои категорија на невработени, постои категорија на стечајни работници и на пензионери. За вработените во администрацијата и за пензионерите се погриживте.

Прашањето на невработените е, ако имаат толку пари, зошто не отворат нови работни места? Зошто не се покрене еден нов инвестиционен циклус во кој што ќе се отворат реални работни места, а нема да се покачат платите кај секторот кај кој што редовно мали се примањата, но се редовни? Тоа е тешко прашање на кое што ќе треба да дадете политички одговор, можеби не во овој собраниски дом, но некаде надвор, да.

Второ, од оваа несреќна група на луѓе, кои што седум месеци живеат во паркот, стечајните работници, секогаш ќе биде поставено прашањето зошто не се интервенира, ако во ребалансот на Буџетот, прочитате дека во структурата околу 40% е за социјални трансфери. Зошто не се создава можност воопшто и да се разговара за решавање на тој проблем, бидејќи тој проблем ќе стои, онака како што стои. Значи, и кај нив јас имав средба со нив, на нивно барање, еве сум ги создал јас, кажа еден пратеник, затоа редно е да појдам таму и да ги прашам што од нас се очекува.

Значи, вие сте им ветиле кулуорски или не, дека ќе следи амандман на оваа седница во кој што ќе се интервенира во функции на државата, исто како за МРТВ дека ќе се пристапи кон обештетување, или давање на одредени средства на оваа категорија на граѓани. Чесно и доблесно би било да се каже дали е тоа кулуарски, дали е некое измислување, дали имате или немате намера да интервенирате за таа група на луѓе.

Колкав ќе биде ефектот од зголемувањето на платите може најразлично маркетиншки да се

каже. Но, очигледно е дека сметките граѓаните ќе си ги средат на крајот на годината, бидејќи од реалниот пораст кој што го имате дадено во вашето експозе, во кое што кажувате само дека трговијата на големо и мало во бруто домашниот производ учествувало со 13,6%, покажува колку на почетокот ги зафатила еуфорија граѓаните од зголеменото трошење со воведување на платежната картица и колку е зголемен долгот на населението према банките. Тоа кога тогаш ќе се согледа и ќе се види. Колку државата имала бенефит од тоа, бидејќи на тој начин се собираат даноците и од ДДВ од тоа од каде што имате и најголем приход. Од тие причини зборуваме за овој ребаланс.

И конечно, ќе треба да одговорите на оној начин кога реалноста ќе победи, кога граѓаните ќе си направат пресметки колку реално е зголемена потрошувачката кошница во еден месец, колку основните намирници за живот, колку другите материјални трошоци тековни, без кои што не може да опстане едно семејство се зголемени во оваа година и колку тоа ги покрива трошоците со зголемување на платите, набрзо ќе разговараме и на оваа тема.

Вториот сегмент, значи посочивте четири сегменти во вашето експозе, јас ќе зборувам само за платите на администрацијата и дирекно, повторно за администрацијата во локалната самоуправа, односно со блок дотациите при имплементација на втората фаза на децентрализацијата, која што треба да започне. Јас ја видов подоцна табелата која што е приложена за 42 општини, за кои што сте дале зелено светло за стартување во втора фаза. Значи, платите на наставниците од образованието, за тие 42 општини, сега како блок дотации ќе се префрлаат до општините и тие ќе треба да ги споделуваат.

Мое лично искуство е, а верувам и ваше лично, сигурни ли сте дека општините поседуваат административен капацитет да одговорат на оваа задача. Јас сум имплементирал прва фаза во која што мака мачевме првите шест месеци воопшто да се откочи процесот. Дај Боже нешто да се подобрило, да е подобро, да зајакнал административниот апарат во општините, но јас не сум голем оптимист и мислам дека ќе се соочите со сериозни проблеми. Давам еден совет навистина, добронамерно Министерството за финансии да ги зајакне своите капацитети во делот на мониторингот на овој дел, како се одвива сето тоа да не настане навистина, хаос во распределба на личните доходи на вработените во образованието, во социјалната заштита и во културата, иако таму веќе постои традиција и веќе се работи, со оглед на помалиот број на население кое што се занимава со таа дејност.

И конечно, ќе заклучам, за мене, пропуштивте ретка прилика да ја зајакнете двојната компонента на Буџетот. Ова ви беше ретка прилика да ги зајакнете капиталните инвестиции, да одвоите дополнителни средства за патната и железничката инфраструктура, да ги пренасочите средствата во тој дел, но тоа е ваша политика и вие одговарате единствено за вашата политика, само вие. И уште повеќе, како Влада, треба да знаете дека имате неколку министерства кои што покажуваат потполна неспособност во проектирањето на буџетските потреби, особено во делот на капиталните инвестиции и уште повеќе, не знаат ни да ги трошат парите, ниту да направат соодветна динамика, ниту согласно со позитивните законски прописи да распишат навремени тендери, ниту да ги завршат тие тендери, ниту пак правилно да ги спроведат, за да нема второстепени жалби, кои што ќе го пролонгираат тој рок и секогаш ќе се случува, што е 20 милиони, значи капиталните инвестиции во санација на свлечишта, како прилично чувствителни точки во Република Македонија, кои што се јавиле како природен феномен, така бегло да се избришат, или Министерството за екологија кое што се грижи за овој дел да остане кусок без малку 30-тина милиони денари во однос на проектираниот Буџет, кој што со ребалансот на Буџетот бил потврден само три месеци.

Тоа се моите забелешки, моите согледувања, можеме да се согласиме, а можеме и да не се согласиме, времето ќе покаже кој бил во право. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Почитувани колеги, со ова завршуваме со денешната работа. Продолжуваме утре со истата седница во 11,00 часот, а по завршувањето на оваа седница, продолжуваме со Педесет и третата седница. Ви благодарам.

(Седницата прекина со работа во 17,30 часот)